# *Пеперуга со Натопени Крилја*

**Роман**

**Драгица Најческа**

# Пеперуга со Натопени Крилја

Скопје, 2002

Risto Stefov Publications
Toronto, Canada

All rights reserved. No part of this book may be reproduced or transmitted in any form or by any means, electronic or mechanical, including photocopying, recording or by any information storage and retrieval system without written consent from the author, except for the inclusion of brief and documented quotations in a review.

Copyright © 2023 by Dragitsa Najcheska

e-book edition

******

September 28, 2023

******

# СЕДУМДЕЦЕНИСКО ЧЕКОРЕЊЕ ПО ЛАВИРИНТИТЕ НА ЛИТЕРАТУРНОТО ТВОРЕШТВО

Кон крајот на минатата година се навршија 50 години од излегувањето од печат на првиот роман на писателката Драгица Најческа *Пеперуга со натопени крилја*, во издание на издавачката куќа „Мисла". Романот беше рецензиран и предложен за печатење од академикот Блаже Конески. Тоа не беше прв роман само на писателката Најческа, туку и прв роман напишан и објавен на македонски јазик од жена писател.

Ова е трето издание на романот, а второто е во еден од томовите на шесттомното издание на Избраните дела на Најческа, што ги објави издавачката куќа „Дијалог", уредени од познатиот македонски писател Веле Смилевски. Во Избраните дела влегоа нејзините пет романи, две збирки поезија, раскази и необјавени раскази, како и расказите за деца.

Во ова јубилејно издание на романот *Пеперуга со натопени крилја* е поместена и своерачно напишаната рецензија на Блаже Конески.

Писателката Драгица Најческа, како асистент на Економскиот факултет во Скопје, на Катедрата по политичка економија, била испратена на Постдипломски студии во Белград, на Правниот факултет, во 1962 до 1965 година. Во тоа време таа веќе има објавено повеќе раскази и песни во весниците и списанијата ширум Југославија.

Некои од нив беа застапени во Антологиите на македонски и српски јазик.

Најческа, иако ги следела студиите по политички науки на Правниот факултет во Белград, голем дел од времето во тој период го посветила на запознавање дела на врвни писатели на светската литература. Истовремено имала можност да присуствува на многу настани од областа на културата и уметноста, да се дружи со дел од културната елита. При нејзиното престојување во Белград за брзо време ги проширила познанствата со значајни српски писатели, меѓу кои Михаило

Лалиќ, Стево Раичковиќ, Скендер Куленовиќ, Душан Костиќ, Бранко Ќопиќ...

Сето ова има придонесено Најческа да го напише и првиот нејзин роман, во 1965 година. Романот веднаш сама го превела на српски јазик и им го испратила на познатите српски писатели Душан Костиќ и Бранко Ќопиќ пред да замине за Скопје, при крајот на Постдипломските студии.

Во писмото што и го испратиле на 22 февруари 1965 година, меѓу другото стои:

*Драга другарице Драгице,*

*Ево укратко шта мислим о твом роману, уствари ово је моје мишљење и Бранка Ћопића, коме сам дао да и он прочита роман, и њему и мени роман се свиђа, занимљив је и искрено пи сан, савремено актуелан, има топлих лирских пасажа и не испушта се из руку...*
*...Већина романа је снажна у смислу исповести данашњег младог човека...*
*...Роман... заслужује да се објави...*
*...Ако се слажеш за „Багдалу" – није никакав проблем...*

*Другарски поздрав*
*Душан Костић Откако*

Најческа добила вакво позитивно мислење од Костиќ и Ќопиќ, на 22 февруари 1965 година, се охрабрила во врска со вредностите на романот што го напишала, но не колебајќи се во ни еден момент одлучила нејзиниот прв роман да биде објавен најпрвин на македонски јазик. Наскоро и го предложила романот за издавање на издавачката куќа „Мисла" во Скопје.

По извесни перипетии што траеле неколку години, романот најпосле бил објавен. Во својата рецензија Блаже Конески го вбројува романот во делата значајни за развојот на македонската белетристика, како прилог за психологијата на жената, истакнувајќи ја и неговата педагошка носивост, посебно за младите генерации. Во рецензијата професорот

Конески, истакнувајќи ги и сите уметнички вредности на романот, заклучува дека тој заслужува да биде објавен, за што следи неговиот конкретен предлог.

Покрај романот, таму, во Белград, Најческа ги напишала и објавила дел од нејзините најпознати песни, наречени „антологиски“, од кои произлезе и нејзината поетска збирка Неспокој, рецензирана од познатиот македонски поет Михаил Ренџов.

Малку е познат податокот дека Најческа била поканета заедно со дваесет и две најпознати поетеси од сите републики на Југославија и учествувала на Светскиот меѓународен конгрес на жени писателки од целиот свет, во Париз, како и на следниот, кој по неколку години се одржа во Ница. Ова патување уште повеќе ја охрабрило во создавањето на поезијата, бидејќи нејзините песни оставиле голем впечаток на најпознатите поетеси Десанка Максимовиќ, Мира Алечковиќ, Весна Парун, Флорика Штефан..., кои за време на патувањето настојувале повеќепати да им ги рецитира.

По извесно време од овој престој, на иницијатива на Најческа, а со поддршка на ДПМ, целата оваа елита од поетеси на Југославија гостувала во Македонија, одржувајќи бројни поетски настапи.

Следствено, по објавувањето на романот *Пеперуга со натопени крилја*, на Драгица Најческа и се отвора патот за новите литературни остварувања: нејзините следни романи – *Друга мајка, Крстопати, Омраза длабоко, Доживотна јамка и Куќа на езеро*, збирка насловена *Раскази* и поезија објавена во збирките *Неспокој, Вратете ми го сонот, И крв и смрт и надеж и Распетие на душите*.

Најческа „нема да им остане должна и на расказите“, како што вели таа, бидејќи со нив го започнала своето патување низ лавиринтите на литературното творештво, со објавувањето на нејзиниот прв расказ во списанието *Иднина*, чиј уредник бил Ацо Шопов, во 1950 година, на нејзината седумнаесетгодишна

возраст. Деновиве се подготвува за печат нејзината збирка раскази со наслов *Потрага по скриеното*.

*Проф. д -р Георги Сталев*
*Скопје, 18. 02. 2020*

Кога тој ја отвори вратата, го слушнав само нејзиниот премногу мек, развлечен глас. Ја препознав. Веднаш ја препознав. Можеби по бојата на гласот, што порано само еднаш го бев чула, а можеби инстинктивно претчувствувајќи некаква опасност што се криеше во него за мене. Слушнав само како влезе тивко, полека, и во целост станав свесна за нејзиното присуство, а можеби и безгласна прегратка и бакнеж меѓу нив двајцата. Бев веќе влегла во собата и ја имав затворено вратата, та не можев да видам.

А што беше пред тоа, пред ѕвонењето на вратата? Пред неговиот резок скок на тоа ѕвонење и моето бегство во собата.

...Тивко свиреше музика. Бевме прилегнале во полутемното претсобје на каучот... Нежно, присно се гушкавме... милувавме. Тогаш, изморени, по обичајот споревме дали ќе го преспиеме попладневниот одмор заедно или одвоено.

Тој божемно ме тераше да одам во собата и таму да спијам, бидејќи не може да спие покрај мене. Го возбудува моето присуство, дишење, би се разбудувал секој час, како да се плаши дека можеби со некаква положба во сонот ми пречи убаво да спијам, или со тргнување да не ме разбуди, и не би спиел од грижа, од нежност, од желба...

Тоа и сега ми го зборуваше, а јас и понатаму се припивав до него, чувствувајќи дека не   говите раце, иако го зборува спротивното, ме привлекуваат се повеќе до него, така машки и убаво, и со таква топлина и љубов што ниедна жена не би ја напуштила таа прегратка, тоа неспоредливо чувство на постоење еден за друг.

Во еден момент, единствено заради него, за да спие, да се одмори, а потоа да работи, сепак сакав да се победам себеси и својата желба за него и брзо да побегнам од прегратката. Но, тој така ги префрли, речиси ги завитка рацете околу мојата половина, како гранки на некое дрво, постојано зборувајќи ми дека треба да одам, што сосем ми беше невозможно да ја исполнам својата претходна намера, ами се припив уште повеќе до него и како некоја задоволна мачка задремав во топло катче.

Тогаш онака, во полусон, му позволив да ми го сврти грбот за да може сепак да заспие, но тој и во таа положба ми ја допираше раката, како за тоа за да биде сигурен дека сум тука, дека постојам, дека не сум љубов од соништата.

Спиевме. Беше будна само музиката што доаѓаше тивко, полека, во полусон.

Можеби поради тоа никогаш не ми се беше сторил погруб звукот на ѕвончето од вратата. Како некој ненадејно да не беше жестоко удрил.

По сознанието дека таа дојде, и дека е во куќата, својата психичка состојба можев да ја наречам беспомошност и очаеност.

Тогаш, како во полусон, чув дека праша за мене.

– Во собата е, – изговори тој.

Имав чувство на исплашен дивеч и барав каква било можност за бегство, само кога би постоел некаков таен излез од куќата, веднаш би исчезнала. Беспомошноста уште повеќе ме обземаше поради тоа... Немаше никаков друг излез. Морав да и погледнам директно в лице. Со своите очи нејзините очи. Тоа беше стварноста. Тоа и очајот...

Тогаш се уплашив од неговиот глас. Ме повика по име.

Како со некој туѓ глас, одговорив:

– Ќе дојдам.

Тогаш влегов во бањата, како некоја навиена бескрвна кукла, се измив, дојдов во собата, се приготвив и тргнав. Таму беа тие двајцата. Чув како изговарам љубезно:

– О, Вие сте, од кога Ве нема! Колку што се сеќавам, само еднаш дојдовте, не повеќе!

Боже, само јас и никој друг во овој момент можев да имам ваков срдечен и весел израз на лицето. Ме погледна насмеано, искрено. Беше очигледно дека ја придобив. Дека ми поверува, дека ја излажав. Беше помлада од мене, со многу помалку поминат живот. Потоа разговаравме како да сме пријателки. Дури почувствував дека и хуморот во тој момент ми успева.

Во него ниту еднаш не бев погледнала. Не можев. Сфаќав дека е сосем збркан од сето тоа што во моментот се случи. Но можеби најмногу поради мојата прибраност, мојата прекрасна артистичка игра.

Изгледа дека навистина премногу уверливо сум ја играла својата улога, дури и за него, така што во еден момент толку се ослободи, што ја прегрна *неа*, онака несмело.

Знам дека во тој момент посакав да ми се спуштени клепките на очите. Не сум сигурна дали го сторив тоа, но имав чувство како да обневидев.

Тогаш набрзо го напуштив станот. Реков дека треба да одам на посета кај една пријателка. Секако, со тоа сакав да и покажам дека е тој слободен, што се однесува до мене, и како нормално ги оставам нив сами... заедно. А и нему.

Зошто го сторив тоа? Дали тоа беше игра, жртвување за него... Не... Не бев веќе во можност да ја издржам таа маска на љубезност на лицето, таа жестока улога толку ме истошти... Си изгледав бедна на самата себе, и пак беспомошна како дете.

Нека биде се... Нека останат заедно... Секаде во станот каде што бевме тој и јас и нашите допири и милувања...

Ми доаѓаше да викам, хистерично да се расплачам или цинично да се смеам, безобѕирно вистината да ја кажам, отворено нејзе в лице, и нему...

Знаев. Ништо од тоа нема да сторам. Ќе останам мирна, спокојна, со насмеано одвратно за самата себе лице кое, се

надевам, ќе успеам да го задржам се до излезната врата. Таму таа пред малку влезе како чудовиште што ќе го уништи, и самата несвесна, сето тоа што беше така убаво... сето што беше наш сон.

А беше чиста, добра, безгрижна девојка, која не можеше да претпостави што се случи меѓу нас двајцата. Беше далеку од таа среќа и љубов, што само пред малку, влегувајќи со својот несигурен чекор во зелениот салон, ја наруши.

Излегувајќи на улицата чувствував дека лицето, и очите, и телото, во истиот момент кога ја напуштив таа бедна сцена, ми откажаа... Имав само чувство дека ќе седнам тука веднаш, на скалата, на тротоарот од улицата, на самата улица. Усните ми беа солени. Знаев зошто. Можеби би трчала по улицата ако ги немаше тие луѓе, би бегала, од кого – од луѓето, од него, од самата себе...

Требаше да се победам себеси. Најважно е да не мислам на нив двајцата. Не, никако да не дозволам да дојде до свеста претставата дека тие сега ќе се милуваат, љубат, можеби на истиот начин, можеби на истите места во станот... Не, не, тоа не! Веднаш ќе отидам назад, нема тоа да го дозволам, ќе ги спречам... Тоа е премногу свирепо, нема да бидат никаде каде што бевме ние, тоа се свети места, никој не смее да ги допре, да биде таму. Веднаш ќе речам дека никој, најмалку *таа* не смее да го расипува, скверснави, барем тоа што поминало, тука што се родило и се издигнало до совршенство... Ќе ги спречам во тоа... Тоа место, тој стан, беше свет за мене...

Тој ме сакаше мене. Ако таа сега е тука, зошто да посегнува на она што пред тоа беше. Веднаш ќе отидам таму...

Знаев дека нема да отидам. Дека повторно ќе им дозволам на беспомошноста и очајот да ме совладаат. Единствено што ќе сторам, тоа е да останам на нозе, да не паднам, секако поради тоа мало присуство на свеста каде сум и натчовечката волја да се задржам на нозе.

...Зошто побегнав во собата? Зошто не останав на оној само наш кауч... без да ја кријам својата љубов... Кој тоа ме излажа дека љубовта мора да биде дозволена, со некаков закон разграничена, на онаа со право и онаа без право, морална и неморална. Во тој момент се срамев од улогата на морал што ја одиграв пред таа жена, како пред делче од јавното мислење, кое моето свето чувство би го нарекло со најпогрдни вулгаризации, за лицемерно да го скрие своето вистинско мислење за животот и љубовта.

Дури и од неа, од тоа дете, морав да ја скријам својата тажна вистина, само затоа што имав човек со кого законски живеам... И дека оваа моја љубов, кога би се обелоденила, ваква... може да ја замати „чистината“ на тој наречен морал! Зарем таа!

Очајот се повеќе и повеќе ме обземаше. Како да тонев во некаква тапост. Најмногу затоа што не можев да не побегнам во таа соба, што дури и пред тоа дете, пред неа не можев да останам во прегратка на својот сакан човек, егоистички, пркосно, и да не и позволам да влезе во неговиот живот, уште помалку таму да остане безгрижно, не знаејќи дека со секој свој поглед вперен во него го прободуваше моето срце, ги раскинуваше најсветлите катчиња на мојата душа.

Сепак, ни во еден момент не ја мразев. Таа живееше во еден така безгрижен свет на своите чувства кон него, кои се уште не беа во целост оформени. А дури и ако имаше некакво сомневање во однос на нас двајцата, не би можела да си позволи да верува во такви, за неа недостапни работи. Уште повеќе што со месеци беше одделена од него, бидејќи живееше во друг град. И никогаш не беше станала дел од него, за да може со интуицијата на своето битие да чувствува што се случува во оној друг, не твој, но така свој дел...

Нејзиното постоење во неговиот живот, уште пред нашето животно врзување, за мене личеше на едно премногу безопасно присуство, што дури и заборавав на него.

Ја бев видела само уште еднаш порано, за малку. Брзо си отиде. Сега нејзиното присуство беше вистинско, до невозможност

жестоко. Едноставно, ме исфрли оттаму каде што единствено беше мое место. Како да ми ги беа пресекле вените, крв немав веќе. Снага немав веќе. Што тоа се случува... Каде сум јас тоа...

Не... тоа е невозможно. Кој може да одземе нешто во љубовта... а оние раце околу половината... и најтоплата прегратка која никогаш нема да те пушти... допир на усни, единствен допир, единствено на усни што се сакаат... Можеби најмногу за тоа сакав да плачам... можеби затоа и плачев...

Не ќе бев така тажна ако требаше да и отстапам на една посилна љубов, можеби ќе отстапев... Не, не требаше да излезам... Пркосно да останев... да ја бранев својата љубов!

Сега се е свршено. Нема да се вратам таму. Скоро ќе падне ноќ. Ќе одам да спијам кај една пријателка. Не би можела да останам да спијам таму, во тој стан, покрај нив двајцата, во другата соба. Не можам.

Сфаќав дека луњам по улиците бесцелно, но веднаш ќе одам кај таа моја пријателка, и... се ќе биде добро.

Најдобро ќе беше тетка ми да не отидеше на бања и маж ми да не отпатуваше со децата кај мајка му; тој би морал тетка ми да ја праша дали смее неа да ја задржи тука да преноќева. Па, и ако би останала, не би смеела да спие кај него во собата.

Но, се беше поинаку. Немаше никој да ми помогне... Тој беше тука со неа.

Сепак ќе се вратам. Тоа е мој стан, стан на мојата тетка, тоа исто значи мој, уште повеќе што во него толку долго живеам.

Зошто така направив, тетка ми да го прими да живее во нашиот стан? Не, лажам! Се лажам самата себе. Не можам никогаш да го откажам тој најубав, како сонуван дел од мојот живот. Тоа би било исто како да се согласам да ми отсечат дел од телото. Уште повеќе, посилно, дел од битието... Не го сакам тоа, не можам тоа... Макар и по цена на сето ова што денес се случи...

што се случува... Ништо не ќе ја осквернави чистината на моите чувства, моите допири со него, најмалку таа таму.

Веднаш таму ќе одам. Ќе се вратам. Моето место е таму. Ќе ја скријам целата болка и ужас... Ќе обневидам. Сепак ќе го чувствувам неговото присуство, постоење, дури и во нејзината прегратка, која не ќе ја гледам свесно, намерно...

Бегањето од куќата е бегство на еден слабак, кукавичко предавање на борбата. Се враќам за да останам достоинствена, доследна самата на себе, на своите чувства...

Осетив дека одам со поцврст чекор и, за првпат во ова попладне и оваа вечер, насочено, со цел. Одам кај нив, а тоа значи кај него, кај нашите драги катчиња, а сите беа за нас во куќата такви. Се сетив како еднаш, кога бев подолго отсутна, рече: „Немој веќе никогаш да одиш од куќава. Пусто е кога не си тука“.

Морам и сега да бидам таму. А таа? И таа е тука... Па што ако е. Ќе влезам гордо, пркосно во својата куќа.

Се уплашив кога сфатив дека навистина се наоѓам пред куќата. Веднаш потоа се израдував. Не се тука. Светлоста насекаде беше изгасната. Но, во истиот момент ме прониижа најгорчливата мисла: „Се љубат во темнина“.

Просто со трчање влегов во куќата, во некакво бегство од самата себе, но каде? Таму, од каде што доаѓа опасноста, во пресрет на неа.

Реско ја отклучив бравата, скришум фрлив поглед на вратата од неговата соба. Затворена, што не беше обичај. Сфатив. Тука се.

Можеби најсилните писоци остануваат во душата, без звук. Се задушував... Љубов моја... Зар е можно, зар ти... Тогаш излегов во претсобјето и со рацете, како обневидена, ја допирав зелената преслека на каучот... ја милував...

Љубов моја, па... само пред малку... Сонувавме најубави сониште овде... Ти и јас, само ние двајцата во оваа куќа на љубов. По оваа соба ме носеше на раце како дете, таму во кујната ме хранеше со своите раце, милуваше, успиваше.

О, луѓе, кој измислил преградки за чувствата, сте ги измислиле за самите себе... инаку во овој момент јас ќе и викнев на таа девојка – која е таа, што бара таа овде, ќе иречев – ова е моја љубов, и ти би го потврдил тоа, нели мили...

Се е напразно. Дури и да плачам не можев. Сите делчиња од нервниот систем ми работеа така интензивно, што ми се чинеше дека ќе ме распарчат, разнесат.

Единствено што бев во состојба да направам, тоа е да пуштам музика, од истото радио, во истото претсобје, каде што ни остана последниот сон.

Во тој момент се слушна отворање на бравата на надворешната влезна врата и, додека разбрав дека некој отклучува, тие двајцата влегоа ведри, расположени. Гледале некој филм. Значи, не биле тука, кај него во собата!

Веднаш се прибрав и лицето го направив љубезно, онака кловновски.

*Таа* веднаш дојде во мојата соба и почна да ги кажува впечатоците од филмот. Тој, како нормално, по неа. Седевме тројцата и природно, едноставно прикажувавме.

*Таа* само ретко ќе направеше некој мал гест на нежност кон него. Тој кон неа исто така.

Настана мал прекин во разговорот. Некако дури и не верувајќи си самата на себе дека тоа го сторив, и реков покровителски, мајчински:

– Сакате ли да спиете со мене во собата?

Ги слушав отчукувањата на своето срце додека го чекав нејзиниот одговор.

Што беше тоа што ја натера неа да се согласи – не знам. Можеби сакаше со тоа да ја нагласи својата чедност. Се плашев да погледнам во него! Тој премолче.

Забрзано ги приготвив креветите, штедејќи го секој момент, како некаде длабоко потсвесно да се плашев да не се предомислат. Се ближеше полноќ.

Дали поради сето тоа напнато, а можеби уште повеќе жално, тој постојано правеше некои шеги, а јас чувствував дека тоа е за него неопходен начин на растоварување.

Легнавме. *Таа* и јас во иста соба.

Тој стоеше на полуотворената врата, и јас чув како вели:

– Знаете што, ми се случува понекогаш како месечар да одам по куќата и немојте да се изненадите ако влезам кај вас.

Иако знаев дека е тоа шега, самата идеја ми беше страшна: да влезе во собата каде покрај мене беше и таа.

И сега не сум свесна како веднаш по оваа негова шеговита, а сепак цинична изјава, станав и брзо го завртив клучот на вратата.

Како да ми олесна. Ја зедов неа кај себе во собата, а него го изолирав и од себе и од неа. Можеби тој никогаш не би се осмелил да дојде кај неа во мое присуство, ниту пак *таа* би излегла кај него во мое присуство, но и поради најмалата таква можност, што би го навела на крајно одвратна постапка, јас така реагирав.

Тогаш, веројатно како вид на некаква самоодбрана, се обидов да го отстранам и во мислите, препуштајќи се на површно прикажување со неа на најразлични теми.

Не бевме свесни, ни едната ни другата, дека тоа прикажување во темнината и таа поспаност не зближија. Најдовме заеднички женски речник, можеби – човечки.

Само повремено се напрегав да ги слушнам шумовите што доаѓаа од неговата соба и ми се чинеше дека тој не спие и е премногу неспокоен.

Истовремено чувствував задоволство поради таа таква моментална ситуација, како да го бев казнила, оневозможила, а можеби и му помогнала.

И двете заспавме прикажувајќи и размислувајќи за филмот.

Утредента се одеше по оној ред од вчера, почнувајќи за мене со еден ужасен момент. Дојде до нејзиниот кревет (јас се уште бев во мојот) и со живо движење на раката и ја разбушави косата.

Повторно ги спуштив клепките на моите очи, а потоа дрско го побарав неговиот поглед. Го немаше.

Брзо станав и отидов во кујната.

Повеќе го предосетив отколку што го видов неговото присуство во кујната, додека *таа* се уште беше во собата. Нежно ја подаде раката со она единствено негово движење присно да ме гушне, помилува.

– Не! – се тргнав со одвратност. – Тоа веќе никогаш да не си се осмелил. Откако ја помилува неа во собата, дојде овде и мене да ми доделиш. Не живеам јас од трошки.

Се обиде некако да ја објасни целата положба, не постоење на друго решение, излез, откако *таа* беше дошла ненадејно, неповикана... Сакаше да се оправда себеси... Сакав да му ја затворам устата, да не зборува, да молчи, и така настаните веќе беа доста одвратни, мачни.

*Таа* влезе во кујната. Чувствував дека некако тој ден ми е полесно да бидам блиска со неа. Можеби поради тоа што во таа

вечер, ноќ, беше доверчива кон мене. Како постепено да сознавав дека *таа* не е виновна за тоа што несвесно ми ја скврнави љубовта, а ни јас што ја крадам нејзината.

Испивме кафе. Потоа појадувавме. Тројцата. Потоа *таа* со некаков наивен глас му рече:

– Дојди овде кај мене, – откако седна на троседот во кујната, покрај прозорецот.

Тој седна покрај неа. Со истиот глас *таа* пак рече:

– Стави ја овде главата, – му покажа на својот скут.

Не гледав, но чув како тој со придушен беспомошен глас, нелогично праша:

– Каде? – Иако тоа беше сосем јасно.

Ужасно се борев со самата себе дали да ја напуштам кујната. Совладувајќи се во мене, сепак останав. Тоа беше мојата невидлива борба за него, за мојата љубов.

Имав чувство дека сме ние двајцата, тој и јас, распнати до крајни граници на своите можности. А во сето ова, единствено *таа* беше поштедена.

Што не натера да ја зачуваме, оградиме од сето тоа што се случи и што се уште се случува со нас? Дали нејзината чедност и непостоење на вина за се на што не принудија создадените прегради?

Остана само уште малку; тогаш набрзина се приготви и тргна да си замине со возот. Во местото каде што живееше.

Дури и не можев да го определам тоа што го чувствував во моментот кога си тргнуваше.

Како да бев прегорела, сфаќајќи ја неминовноста на сето тоа што се случи и што можеби и натаму ќе се случува. Разбирајќи

колку се мали моите, поправо нашите можности да го спречиме. Чувствував само некаква бескрајна празнина.

Тогаш се случи нешто што стана непобитен факт, а сепак дали и нелогичен; почувствував како, подавајќи ми ја раката за поздрав, таа ме бакна.

Бев целосно збунета, изгубена. Нејзиното срце навистина беше младо и чисто. Немаше ли во извесна смисла сродност меѓу нас двете, одбирајќи еден ист човек да сакаме? Јас онака смртно, а таа се уште несигурно... Во секој случај, во моментот кога ги почувствував нејзините, речиси срамежливи усни на мојот образ, ми дојде да ја прегрнам, да заплачам, и сега, онака како жена на жена да и ја раскажам целата своја тага. Се насмеав, ја прегрнав лесно и и посакав среќен пат.

– Дојдете пак, – чув како реков и истовремено го забележав неговиот изглед на изгубен, сосем несреќен човек во претсобјето, веројатно поради тој завршен, дури неразбирлив момент на сето тоа што се случи. Изгледаше како да не знае што ќе прави со своите раце, каде со своите очи, со своите усни. Тргна со несигурен чекор да ја придружи до станицата.

Одеднаш сфатив дека дојде тоа најстрашното, дека настапи моментот кога ќе останеме повторно сами, ние двајцата во овој стан очи в очи.

Каде да бегам, што да правам? Не, не верувам дека тој ќе дојде од станица право ваму. Сигурно не. Можеби ќе дојде подоцна, ноќеска по полноќ.

Не го мразев. Но ме згрозуваше помислата дека би можел, тукушто ќе дојде, да ми пристапи со оние исти раце со кои неа само пред малку ја гушна на станицата, со оние исти усни на кои се уште стои нејзиниот бакнеж. Би го мразела истиот час, би ми станал одвратен. Не, тоа никако не смее да се случи. Можеби сепак е најдобро да ја напуштам куќата.

Не, ќе останам, ќе издржам докрај.

Не помина многу време, слушнав чекори во претсобјето, некако забрзани, а нерешителни. Беше тој.

Значи, решил да не бега од вистината, да се исправи пред неа. Веднаш, без одлагање. Бев изненадена кога видов дека остана во претсобјето и бараше музика на радиото.

Неговото присуство ја исполнуваше куќата. Сепак, подобро што дојде. Веднаш што се врати. Седеше неподвижен во фотелјата и пушеше. Музиката се разлеваше смирено и како единствен звук во куќата. Имав чувство како се да е изумрено... И... ние.

Вратата на мојата соба беше полуотворена. Ме имаше опфатено некаква премреност, не можев да направам какво било движење. Како да се плашев дека и со најмал шум ќе го расипам ова молчење, оваа тишина, што беше единствено возможна по се што се случи.

Повеќе потсвесно ги слушав зборовите на песната што некој дует ја пееше на радио. Бев вчудовидена... Дали тоа беа вистинските зборови на таа песна или само се формираа во мојата глава, јас ги измислив?

Секој збор од песната се совпаѓаше со се што се одигра во овие последни дваесет и четири часа меѓу мене и него. Станав како крената од нешто посилно од мене во пресрет на тие зборови, или бегајќи од нив само доаѓав поблиску до него, за да видам дали тој ја слуша песната.

Лицето му беше свртено кон мене уште пред да застанам како закопана на вратата, ни чекор натаму.

Се му потреперуваше на лицето... Имаше жален беспомошен изглед на дете што згрешило.

Липав... Липаше се во мене. Ми се чинеше дека секој момент ќе срипа и очајнички ќе ме притисне на градите.

Лицето му беше свртено кон ѕидот. Не најде доволно храброст. Можеби поради моите остри зборови изутрината во кујната, кога сакаше да ме прегрне. И во оној момент, утрото, верував дека нешто страшно силно го беше привлекло кон мене. Знаев дека тоа не беше гест за утеха. Од друга страна, не ја сфаќав логиката на одржување врска со неа. Можеби таа логика не беше различна од онаа што го одржуваше мојот брак, иако се работеше за различни светови...

Прекрасно усогласен дует го пееше крајот на песната.

Моето липање не престана. Потреперував со целото тело. Во тој момент некој да ми ја извлечеше душата и да ја наредеше во стихови, таа песна и мелодија од радиото сами би се составиле. Се ми се мешаше во главата. За првпат во животот наоѓав оправдување за луѓето што умираа намерно во моментите на очајување.

Тргнав со бавни чекори назад во собата. Очекував секој момент да ме викне, да тргне по мене.

Не се помрднуваше.

Ја пропуштивме можноста за повторно зближување во ова неверојатно совпаѓање на зборовите од песната со нашата тажна вистина.

Крајот на песната „никогаш повеќе мој, никогаш мој“, што на почетокот ми се чинеше како единствено можен, правичен, како казна нему, ја губеше својата содржина и не наоѓаше место во моето срце.

Постепено станував свесна дека љубовта повторно е присутна во оваа куќа. Дека повторно излегува од секое катче. Како да се беше скрила само привремено, за малку.

Целото негово неподвижно присуство во претсобјето зборуваше дека нашата љубов издржала еден голем испит. Преку некои невидливи нишки што доаѓаа од него кон мене,

чувствував дека ме сака, ме сака можеби повеќе од секогаш... Беше мој...

Се испружив како статуа неподвижна на креветот во мојата соба. Безгласна. Ме уплашуваше и најмалото движење што тој ќе го направеше.

Тогаш знаев дека тивко, речиси нечујно легна, на зелениот кауч, како да имаше само уште толку малку сили.

Минуваа долги моменти...

Во мене се бореа две жени... Таа што беше повредена, понижена, фрлена, и другата, појака од се, таа што љубеше. Борбата меѓу нив беше непомирлива. Си покажуваа една на друга заби, викаа, се плазеа.

„Ти си најобична кукавица, без достоинство, без гордост, никаквица. По се тоа треба да го презреш, отфрлиш, да заборавиш на неговото постоење“, викаше првата.

Другата имаше само еден единствен аргумент, но моќен, непобитен. Тоа беше љубовта. Љубовта што го обземаше целото нејзино битие и ја влечеше кон него, незапирливо, како судбина. Жедуваше за секој најмал негов допир, за шепотот на саканите усни, за трепетот на возбуденото тело, за немиот, а така јасен разговор на саканите очи.

Првата со презир гледаше на неа и, не можејќи да ја поднесува, го напушти достоинствено спорот.

Втората тивко уживаше во својата среќа, не ја изневери љубовта...

...Стоеше пред мене, за првпат во овие два последни дена со отворено лице и чист поглед. Не чув кога влезе. Можеби затоа неговото присуство го чувствував како некакво привидение, така сакано, така љубено.

Ги прифатив рацете што ми беа подадени и усните, на кои немаше ни трага од бакнежот на усните на онаа друга жена. Тоа беше само наш бакнеж, само наши усни, само и единствено наша љубов.

Усните и лицата ни беа влажни, а во очите беше присутно нешто повеќе од солзи.

– Речи те сакам, – шепотев по нашиот стар обичај, со шепот што единствено тој можеше да го слушне, или повеќе да го предосети.

– Те сакам, многу те сакам, најмногу, – ме притискаше на своите гради, шепотејќи зборови со усните што едвај ги составуваше меѓу бакнежите.

Знаев дека само привидувањата ја имаат таа моќ да ги произнесуваат овие зборови како тој... вака да шепотат за љубовта.

Ни сега не сум свесна што беше тоа што ме натера да ги изговорам следните зборови, како на некаков начин да барав уверување дека ни за момент не престанало моето постоење во неговото срце. Реков:

– И вчера, нели, и денес, мили?

Никој не би можел да го опише неговиот израз на лицето, ни гласот со кој рече:

– Уште повеќе вчера, мила, уште повеќе денес...

Имаше во тој глас нешто страшно и прекрасно, бескрајно страшно и прекрасно.

Таа жена во мене која љубеше, застапувајќи го своето однесување пред другата, зборуваше: „Не слушај ги ти овие зборови, не самите зборови, вслушај се во тоа што е во гласот содржано... Ако тие ме лажат, нема да ме излажат ни рацете, ни усните, ни шепотот на бестелесните битија“.

Пак ми припаѓаше секој трепет на неговото тело. Се гушнувавме, се љубевме до заборав како привидувања, до крајни можности, до целосно исцрпување...

Го држеше само мојот малечок прст од раката, така, како дете, како за тоа да не се изгубиме, како само толку за да се убеди дека сум тука, дека постојам, дека не ме оттргнаа од неговата силна прегратка дури ни овие мачни работи што ни се случија.

Темнината господареше со куќата и љубовта што лебдеше секаде по станот.

Очите повторно ми се замаглија... Зошто пак сега?...

Чувствував дека му простив и затоа плачев од среќа.

* * *

Ноќта беше тивка, блага, со полна сјајна месечина. Уличните светилки примижуваа од нејзиниот блесок.

Стоев на балконот, по обичај чекајќи го мажот, кој редовно доаѓаше доцна. Осамена. Празна. Тогаш се испружив на старата, но удобна фотелја. Да се седи во неа беше вистинско задоволство.

Месечината тонеше меѓу црните силуети на тополите, будејќи некаков копнеж, носталгија, некаква неизмерна желба за убаво.

Во овие моменти ми беше пријатно тоа што мојот сопруг не беше тука, што задоцни. Одамна тоа убаво престана да биде врзано со него.

Старата тетка дремеше на изветвеното канабе во својата соба. Низ отворениот прозорец во темнината едвај ја здогледував нејзината силуета, како слика од некој фантастичен филм. Со години не одеше да легне во креветот, пред да го дочека доаѓањето на мојот сопруг. Потоа, откако тој ќе дојдеше,

станувaше и се нишкаше по собата сонливо, мрморејќи по старски, незадоволна поради неговото доаѓање доцна.

Куќата се наоѓаше во предградието, така што доаѓаа различни мириси од околните бавчи, свирење на штурци што го развеселуваше овој ноќен амбиент.

Сето тоа околу мене ме влечеше назад во минатото, во оние немирни безгрижни момински денови, исполнети со неспокојство и мечти, полни со верувања за прекрасните работи во животот што понатаму треба да дојдат.

Можеби тоа беше само една потреба за враќање назад и не знам по кој пат разглобување на настаните во сопствениот живот, со едно за или против тоа што било и како можеби требало да биде.

Одамна моите родители останаа сами, без нивното малечко девојче, како што сакаше да ме вика татко ми. Децата постепено, незабележливо за тие што ги создале и ги подигале, се откинуваат од нив и почнуваат да живеат свој сопствен живот...

Бев сама, без браќа и сестри, и можеби затоа мајка ми и татко ми се грижеа за мене со претерана нежност и внимателност.

Татко ми беше многу добар човек, редок интелектуалец, со големо богатство на духот и непоправлив оптимист.

Мајка ми, смирена и блага, неспособна да се навреди, налути, на кого било, прекумерно трпелива.

Моите први впечатоци за животот се врзани за книги со најразлични бои и заглавија, наредени достоинствено во огромна библиотека, што допираше речиси до таванот од дневната соба на нашиот стан. Бев научила да читам многу пред да тргнам на училиште.

Постојано ме заобиколуваше еден голем разновиден свет на играчки, сликовници и книги.

Првите мои средби со другарките во училиштето и моето одење во нивните куќи почнаа да ми откриваат нешто друго, еден свет кој не секогаш и речиси никогаш не беше еднаков со оној свет што го носев во душата како свој, како свет на моето семејство.

Се сеќавам колку исплашено се тргнав кога, пишувајќи задача со една моја другарка во нејзината куќа, слушнав како со груб, тогаш за мене ужасно груб глас, вика нејзиниот татко на мајка и. Уште повеќе ме изненади тоа што таа, мојата другарка, не обрнуваше внимание на тоа. Сфатив дека тој начин на однесување на нејзините родители за неа беше нешто обично. Потоа, не знам зошто, но секогаш ја влечев да дојде кај нас да пишуваме задачи, а не кај нив.

Или еден друг случај, што многу ме натажи и ми остана во неизбришливо сеќавање за целиот живот. Одевме по улица, една моја другарка и јас, и одеднаш некаков пијан човек, неизбричен, со развлечена валкана кошула и со полупаднати панталони, кого пред тоа не го забележавме, ја повлече брзо за раката и насила ја тераше да тргне со него. Таа само со тажни очи ме погледна и тргна. Сакав да плачам, да викам по луѓето да ја оттргнат и се стрчав по неа, плашејќи се да го сретнам по гледот на крвавите очи на тој пијан човек, кој речиси ја влечеше. Но, во тој момент мојата другарка ми довикна:

– Тој ми е татко!

Имав чувство како некој да ме удрил силно по главата. Брзо се стрчав кон дома. Трчав како обезглавена до нашата куќа, таму да се скријам, во тоа што беше наш дом, каде што, тогаш ми се чинеше, единствено можам да живеам.

Мајка ми долго се обидуваше да разбере што ми е, што ми се случило. Молчев како заколната, како да ми е поверена некоја грозна тајна, што не смеам да ја издадам. Секако, поради тоа што беше тајна на мојата другарка од училиштето, што јас никогаш не би ја дознала ако случајно не се враќав со неа тој несреќен ден.

Никогаш не им раскажував на мајка ми и татко ми за тоа што го доживував надвор од дома, како да се плашев дека ќе ми забележат зошто го гледам и слушам и тоа што тие не ми го дозволиле, од што ме зачувале во оваа хармоничност и добродушност на нивната тивка среќа. Таа вечер, лежејќи во темнината, чувствував длабока благодарност кон моите родители што ми го беа создале тој наш свет во домот, свет на длабока топлина, грижа и негрижа, свет на човечност.

По неколу години школување, книгите ме повлекоа незапирливо, така што им се одда вав со денови и ноќи, неуморно барајќи ја вистината во нив и одговор на сите прашања што ме измачуваа. Тие станаа мој втор свет, исто така близок, исто така сакан.

Со татко ми и мајка ми, седејќи навечер во куќата, повеќепати прикажувавме за се што ме интересираше. Дури почнав повремено кај себе да откривам некаков отпор кон дефинираните, установени вистини што тие понекогаш ги застапуваа.

Тој отпор често се изразуваше во некои ситни работи. Како, да кажеме, немање желба да носам црна престилка во училиште, единствено и само поради тоа што таква наредба издал директорот.

Мојот татко во врска со тоа ќе направеше цела анализа за неопходноста и логичноста на таквото барање од училиштето. Ако директорот на училиштето, разбирливо – во име на колегиумот, донесе решение дека учениците треба да носат црни престилки, значи тој опстојно ги разгледал причините за да донесе такво решение и тука нема што да се размислува. Ти ќе ја носиш.

Или, да кажеме, „Ученикот не смее по осум часот навечер сам да се движи на улица. Тоа значи дека не смее без родители да оди и на театар“.

– Татко, јас вечерва со неколку другарки и другари ќе одам на театар, – реков една вечер ладнокрвно, дури малку и предизвикувачки.

По кусо молчење тој рече:

– Ти знаеш дека тоа не е позволено.

– Но зошто, татко, тоа е театар, тоа не е место каде што се нарушува авторитетот на учениците.

Тогаш тој додаде:

– Знам, но тебе многу добро ти е познато дека, според прописите на училиштето, е поинаку. Ако сакаше да ја гледаш оваа претстава на театарот, требаше тоа мене да ми го кажеш, јас ќе те придружев, а верувам и мајка ти.

Знаев дека е тоа така. Дека тој тоа би го сторил. Но, не беше важна самата претстава, ами некаков пркос на тие наши години против нешто што е пропишано, установено како некаков ред.

Се разбира дека таа вечер отидов на театар, со групата од мојот клас.

Татко ми утредента не се ни обиде да ја продолжи дискусијата. Само мајка ми благо ме прекори, но повеќе поради мојот однос кон татко ми, што во случајот и личеше на непочитување.

Не, мамо, тоа не беше непочитување, најмалку тоа. Можеби младоста сакаше да живее со помали ограничувања и крутост, и тоа се повеќе, колку бевме поголеми, колку станувавме понемирни...

Бев целата еден немир, едно нетрпение... Седејќи во театарот и воодушевувајќи се од извонредната глума на глумците и глумиците, се замислував себеси како голема, прочуена глумица, глумица со светски глас, целата во цвеќиња, букети, маса обожаватели, силни аплаузи... По претставата дома долго се запирав пред огледалото во полутемнината и ги студирав

цртите на своето лице, ги имитирав изразите на лицата на глумците во трагичните улоги...

Гледајќи ги воздушестите движења на балерините, не сметав за невозможно да научам и најтешка фигура, да направам најнежно движење на рацете...

Танцував скришно во мојата соба. Тоа младоста танцуваше во мене.

Го гледав секој филм. Се повеќе и попродлабочено ги читав најубавите дела од светската литература, и никој не би бил во состојба тогаш да ме разувери во тоа дека насекаде во светот победува само она што е убаво и добро.

Сепак, најсреќна се чувствував во клупата на нашата училница. Сакав да се дружам и со девојчиња и со машки речиси еднакво, ако беа добри другари.

Секојдневно потонував во тој вриеж на ученички грижи и немири. Не имаше секакви. Од премногу повлечени, добродушни, до премногу смели, дури дрски. Сепак, сите некако слични, дури исти, не по црната боја на престилките и блузите, ами по тоа што секојдневно го донесувавме во себе влегувајќи во класот и пак го носевме во себе одејќи си дома.

Што се случи тоа во тој ден, дури не можев да сфатам. Веројатно само тоа... Ме погледна со своите сини чисти очи право в очи и тогаш се засрами. Не знам и самата зошто и јас се засрамив... Всушност, пак, тој срам беше предизвикан од нешто што го почувствувавме независно од нашата волја, некаде длабоко во свеста, и како да се исплашивме.

Потоа избегнувавме да се погледнеме. Секако, плашејќи се во очите да не го откриеме повторно пак тоа. Но, на некаков начин, индиректно, имав чувство дека тоа го чиниме, дека се гледаме очи в очи, иако всушност гледаме еден во друг крадејќи мигови кога оној другиот не гледа. Тоа беше почеток на играта.

Ми се чинеше дека сите веќе го знаат тоа. Сите во класот, иако едвај го знаевме и ние. Ние двајцата. Во секој случај, тоа за нас двајцата веќе беше некој вид издвоен однос, наш... Тоа сознание страшно ме возбудуваше, збунуваше, така што во негово присуство се однесував неспретно, дури понекогаш и смешно. Тој исто така.

Иако отсутно следев што предаваше професорот за време на часот, чувствував дека целата сум пренесена накај него, горејќи од нетрпение – што ќе се случи понатаму. Истовремено, се плашев од училишното ѕвонче.

Одвреме навреме повеќе инстинктивно ќе ги почувствував неговите очи на мојата коса, и за ништо на светот во тој час не би се осмелила да се свртам и да се сретнам со неговиот поглед. И дури кога би можела, знаев, тој веднаш би побегнал со неговите очи.

Следните денови беа исполнети со чудотворно нова, непозната дотогаш возбуда, неспокојство, слабеејќи го се повеќе нашиот отпор и издигнувајќи го немирот до крајна граница.

И сакавме да бидеме сами и се плашевме од тоа.

Само на некаков посреден начин ми помагаше; ќе ми подадеше линејка, иако не ја барав од него, или ќе ми заостреше молив, ќе ме заштитуваше во време на послободните закачки од другарите, или кога ќе игравме одбојка во дворот, ми потскажуваше ако размислував пред да одговорам на часот, плашејќи се да не сум пропуштила да научам. Сето тоа ми беше мило, ме исполнуваше со топлина; и пак со некакво молчење, така нему разбирливо, му давав на знаење дека ете јас знам, чувствувам, тој се грижи за мене и уште повеќе, дека тоа не е обична грижа, не таа секојдневна.

Потоа се случи еден мал настан што некако не раздели, навистина мал, но за мене голем во тие први несмели летови.

На одморот меѓу два часа едно од момчињата во класот ја стави раката во неговата чанта и високо кревајќи ја покажуваше

некаква сли ка, немирно бегајќи меѓу клупите. Тој, откако го виде тоа, се стрча по него и со краен напор се обидуваше да му ја свитка раката и да ја истргне сликата.

Отпрво не обрнував внимание на тоа, но почувствував дека смеењето на класот има некаква врска со мене, дека тоа се однесува на него и мене. Тогаш сфатив дека на сликата не е никој друг, туку јас. Не можев да поверувам. Од каде кај него моја слика?

Се срамев поради таквиот однос на класот кон него и кон мене... Како смееше тој тоа да го позволи, па дури и ако успеал некаде да набави моја слика (секако, ја украл од некоја моја другарка), не смеел да ја носи во чантата, а уште помалку да позволи некој друг да ја види.

Бев разбеснета. Немаше смисла да им се докажува на другарките и другарите дека јас не сум му ја дала таа слика, дека тој не ја зел од мене, дека тоа нема врска со она што тие го мислат. Не беше можно да се менува впечатокот. Чувствував како нешто совршено чисто, а што беше единствено моја и негова тајна, како да беше извлечено некаде надвор на еден безобѕирен начин, каде што не може да опстане поради својата чистота и нежност.

Тој целиот беше збунет и беспомошен. Всушност, се мачеше поради тоа што сум јас во прашање, што мене, за која се би сторил најубаво, ете со својата невнимателност, а можеби и поради таа палавост на неговиот другар, направи такво нешто.

Минуваа денови. Иако чувствував дека е невозможно нешто така небитно да го прекине тој почеток на совршена заемност, се плашев. Навистина се плашев од тој прекин. Ми се чинеше дека не можам да живеам без тоа што почнавме да стануваме еден за друг и дека ни е неопходно пак да се најдеме. Очите повторно се сретнаа еден ден кога почувствував дека го бара мојот поглед, за да ми се поплаче, да искаже колку му е тешко без моето макар немо присуство, да ме измоли да му простам.

Да одам на кино сама да гледам филм беше за мене најголемо задоволство. Останувајќи во темнината се чувствував владетелка на таа темнина, на самата себе, чувствував безгранична слобода да ми течат солзи или да се смеам, да гледам во тоа што се прикажува на филмското платно или да ги следам слободно своите мисли.

И тој ден одев со таква намера во некакво посебно расположение и желба да бидам сама.

Речиси се уплашив кога го видов со еден наш другар од класот на шалтерот како купува карти за кино. Беше сосем логично да му дадам пари и мене да ми извади карта. Ни во еден момент не се колебав да одам со нив заедно да го гледам филмот. Тоа за мене и за него беше голем настан. Еден смел, решителен чекор во нашите малечки несмели потргнува ња, што не влечеа еден кон друг.

Тој, неговите чисти сини очи, не го скриваа безграничното возбудување и радоста поради таа случајна средба и нашиот заеднички нем договор да го преминеме просторот што не држеше на големо растојание.

Седевме во салата на киното треперејќи од возбуда, од темнината, од постоењето, тука за првпат така непосредно, така близу еден покрај друг.

И го сакавме и се плашевме дури и од случајниот допир во темнината, дури и од немиот говор. Чувствував дека лицата ни беа румени, согорувајќи во оној свет во кој бевме немоќни да господариме, каде што моравме да ја предаваме играта.

И не се сеќавам на заглавието на филмот, едвај само на по некоја слика. Нашиот живот, првите чекори во него, во нашата младост, ги чиневме во полутемнина, позволувајќи само раката да ја држи раката, двете растреперени од нежност, од неспокојство. Каде, во кој свет водат тие први до невозможност чедни допири... Први, и единствено за тоа постојни, заради оние допири на очите... на душите.

Тоа, за тоа никој не смееше да знае... ниту другарот што седеше покрај нас. Се требаше да остане тајна, а зошто – не знаевме ни тој ни јас, можеби затоа, за да не се наруши тоа совршеното, чудесното.

Полека тргнавме дома, најпрвин плашејќи се од таа светлина што не пречека вон салата на киното... Плашејќи се да си погледнеме еден на друг во очите. Човекот е пoслободен во темнина, дали поради самообманата дека се скрива во неа.

Тоа, другото момче, како да почувствува дека е непотребно неговото присуство, се извини и со брзи чекори си отиде оставајќи не сами.

Сакав да го задржам, да се стрчам по него, но не направив така. Тоа другото во мене ме спречуваше.

Тргнавме еден покрај друг по алеите на полутемниот парк, очекувајќи со страв да се случи нешто необично. Жалните врби со спуштени сентиментални гранки го потиснаа нашиот последен отпор.

Во еден момент почувствував врелина на усните. Беа тоа неговите усни на моите усни. Ми се чинеше дека се се обои во црвено, и лисјето, и дрвјата, и небото, и ноќта. Црвено како радост, како среќа...

Никогаш нема да ја заборавам неповторливата нежност на тие раце, кои неопитно ме држеа во прегратка, прва и единствена, и ноќта што ни помагаше да ја задржиме недостижноста на тие моменти во очите.

Не, немавме смелост да го повториме тој допир на усните, само си ги државме еден на друг растреперените раце, едвај не плачејќи од среќа, од убавина, не знаејќи зошто...

Кога дотрчав дома си личев на престапник, кој не смее да му се покаже пред очи на никого.

Брзо, нечујно како повев на ветар влегов во својата соба без да запалам светлост... Би танцувала во темнината како невистинско суштество од тоа прекрасно чувство што ме беше обзело, што дури и во мислите се плашев да го наречам љубов. Лежев неподвижна, свртена со лицето кон таванот, а секаде во темнината лебдеше најчистото синило на неговите топли очи и вжарена, како најубави макови, неговата уста.

Се би дала долго да останам сама во таа соба, во таа темнина. Да не одам на вечера, да не морам ни за момент да се оттргнам од убавината на тоа ново чувство што владееше со мене. Уште повеќе, бев убедена дека нема да бидам во состојба ниту со највешта глума да го скријам од мајка ми и татко ми тоа што се случи со мене. Проникливите очи на мојата мајка ќе го сфатат и најмалиот трептеж на моето лице.

Долго никој не доаѓаше да ме вика. Секако, не знаеја дека сум дошла. Им бев благодарна за тоа што ме оставија да уживам со сето она што го носев во душата таа вечер.

Утредента знаев дека така сум заспала, а мајка ми не сакала да ме разбуди. Сега сепак ми беше полесно отколку синоќа да ја сочувам присебноста и да најдам компромис за својот изглед. Брзо појадов и со ученичката чанта истрчав на улица.

Највазжно за нас беше првиот ден во училиштето да најдеме доволно сили, да го пречекориме прагот на училницата. Проблемот се реши со самото тоа што избегнувавме да гледаме еден во друг. Првпат откако сум во училиштето не бев во состојба да следам ниту еден збор од тоа што го предаваа професорите во времето од неколку часа. Си бев доволна сама на себе, со тоа што ја исполнуваше мојата душа и сето друго го сметав за одвишно, нешто што на некаков начин би ја намалило мојата радост.

За среќа, тоа не траеше повеќе денови. Бевме веќе на крајот од учебната година. И секој час беше напорен и решавачки за завршниот успех.

Потоа, се што ни се случуваше беше прекрасно. Се беше заедничко, наше, и учењето и прошетките, животот. Дури се договаравме да носиме блузи со иста боја, облека.

Веројатно поради сопственото чувство на среќа ми се чинеше дека сите ни се радуваат кога ќе не видеа заедно, исти, сродни, вљубени. Со месеци и месеци.

Поверував во сите филмови за среќна љубов и романи што пишуваа најубаво за љубовта. Во тој занес бев готова на чуда, подвизи. Ми се чинеше дека ќе создадам грандиозни дела во мојот живот што доаѓа...

Крајот на учебната година веќе беше тука.

Долго се боревме меѓу желбата да останеме заедно преку летото, да не се разделуваме, и чувството на должност да отидеме на работна акција по завршувањето на учебната година.

Стоеше блед, нажален, покрај возот што требаше да не однесе на работна акција. За првпат остануваше без мене по нашето зближување, макар и за кусо време. Нешто ми ја стегаше душата, срцето. Сепак, бев свесна дека ми беше должност да решам. Морам да ја поднесам таа жртва, не можев да се одделам од она цело што го претставуваше мнозинството на нашиот клас.

Не смеев да се расплачам, не, заради мајка ми што стоеше покрај него, можеби и не помислувајќи дека тој е тука за мене, само заради мене, нејзината „малечка“ ќерка.

Не смеев и заради останатите другарки, затоа што тоа беше само женска бригада. Тој со својата бригада ќе тргне по два дена на друго работилиште. Така беше распределен.

Возот тргаше полека, речиси несигурно. И се насмевнав на мајка ми и веднаш потоа нему, на неговите... моите очи, усни, единствени раце...

Ме гледаше во тој последен момент како исчезнувам во вагонот од возот, како да ме губи засекогаш.

Првите денови на работилиштето ми се влечеа едвај, премногу бавно. Пошта за мене неколку денови немаше...

Никому не му ја открив болката, не се дове   рив. Не знам зошто, дали беше тоа некаков егоизам, желба сама за себе да го зачувам сето тоа што беше така убаво, кон другарките станав недоверлива. Но тие многу добро ме познаваа и знаеја што ме тишти.

Дотрчав доаѓајќи од работа во бараката само за да ја земам крпата и да одам да се измијам. Бев гладна и сакав што побрзо да стигнам во трпезаријата. Во истиот час другарките ме заобиколија и сите во еден глас ми рекоа дека сум добила писмо. Синото плико стоеше таму, под мојата перница, тие го беа ставиле таму, драго, неподвижно; некако се плашев да го отворам. Тоа нема да го направам пред другарките, ќе се скријам некаде сама со него.

Очите брзо одеа по редовите голтајќи го секој збор до најмалечката запирка. Ми се чинеше дека ниту еден љубен не и напишал на љубената такви убави зборови. Го бакнував, гушкав, милував писмото, потскокнував од радост.

На сите им беше јасно, и на дрвјата, и на ливчињата, и на птиците... Бев среќна, сакана. Едвај што не викнав гласно... го сакам.

Потоа тргна моето писмо кон него. И пак нетрпение и исчекување. И секој ден растегнат во бесконечност – се до неговото ново писмо.

На работилиштето вриеше како во кошница. Се стекнуваа познанства, стануваа незаборавни средби. Се врзуваа животи. Сето тоа минуваше покрај мене. Сето, освен работата, од која не се плашев, наоѓајќи во неа единствен начин што побрзо да минат деновите. Некакво механичко движење, со една голема можност да работиш и истовремено да се сеќаваш и да се

враќаш на се што ти е блиско, што нераскинливо те врзува за него, мислејќи дека твојот живот почнал тогаш кога си ја сретнала и запознала својата прва љубов.

Бев затворена за се вон од тоа мое повторно доживување на она што стануваше меѓу нас двајцата, и бев среќна поради тоа. Тоа беше се.

Читајќи го писмото што не одделуваше само неколку денови од повторната средба, не знаев што да сторам од радост. Го беше испишал точно денот и часот и местото каде повторно ќе се сретнеме. Тоа беше едно прекрасно место во големиот Градски парк што го присвоивме. Беше само наше, и секогаш кога во тоа заградено од грмушки место ќе најдевме некоја друга млада двојка, ги сметавме за неповикани, бесправни корисници. Сепак, моравме да имаме трпение додека доброволно си одат, за да отидеме до нашето сакано катче.

Беше вистински настан за мене доаѓањето на работилиштето на еден негов најдобар интимен другар, кој заправо тукуштo се беше разделил од него, зашто доаѓаше од нивното работилиште. Толку сакав да го слушам да ми прикажува. Како да ми пренесе дел од моето момче, кажувајќи ми подробности, за тоа какви се условите на тоа друго градилиште, како тој, мојот другар секогаш до доцна во ноќта му зборувал за мене, мечтаел за нас, за нашата повторна средба...

Овој негов другар одеше по работилиштата да прави нацрти на некои предмети – слики од работните акции, зашто беше ученик во уметничкото училиште.

Верувам дека веќе му бев досадила со распрашување, иако тој ме убедуваше во спротивното, како и тој самиот да сака да ми прикажува, и пак ги потврдуваше подробностите, а јас слушав, тивка, среќна, се пренесував во неговиот логор, во бараката каде и таа ноќ ќе спие.

Беше вечер. Седевме покрај логорскиот прошталeн огин, што ги осветлуваше нашите лица со руменило и му даваше на целиот тој крај некаков фантастичен изглед, моќ, пркос, сјај. Зад тоа

настапуваше непровидна темнина. Се играше весело шумно оро, а потоа танц.

Дури и ѕвездите беа отстапиле пред тој блесок, разубавена младост, со дремливо трепкање се беа повлекле во своите соништа.

Седев на еден камен, на таа горска ледина, стуткана, обземена со топла тага. Ми се чинеше дека единствено огинот со својот блесок може да ми продре во мечтите скриени во очите, и среќата за она што ќе биде утре, за повторната средба.

Изгледа неговиот другар, тој мал уметник, фантаст, подолго ме беше викал без да добие одговор, така што бил принуден да ме повлече за рака.

Се насмеав. Ме викаше да танцуваме. Не знам зошто, но и тој најмал израз на веселба без него, моето момче, ми се стори вон од моите желби и чувства. Не станав да играм. Се што не беше тој, мојата љубов, ми беше одвишно... во некаква смисла не постоеше.

* * *

Ни сега не знам колку успеав да се поздравам со мајка ми и татко ми, но знам дека уште еден час порано бев на местото на состанокот.

Не чекав многу. Ми доаѓаше во пресрет по една долга алеја послана со жолти умрени лисја. Сета бев само трепет. Се стрчав со леснина и брзина на срна и се вовлеков во џбуновите, не за да го измамам ловецот, ами да го привлечам кон себе.

Колку што можев во таа брзина да забележам, беше ја облекол меката блуза со бордо боја, што многу ја сакав. Руси праменчиња од кадравата коса му паѓаа до веѓите, истакнувајќи го синилото на очите, уште повеќе изразено на чоколадната боја на исончаното лице.

Срцето толку силно ми чукаше што ми се чинеше дека тие отчукувања ќе ме откријат и секој момент очекував да ме зграби, гушне и понесе во прегратка.

Од возбуда и некаков страв поради сето тоа прекрасно, немав смелост ни да ја подадам главата.

Одеднаш, повеќе потсвесно, сфатив дека покрај грмушката каде што се скривав тој помина со спокоен, одмерен, дури бавен чекор, кој се повеќе се оддалечуваше.

На почетокот си помислив дека само се преправа оти не ме забележал и очекував секој час да се насмее со онаа силна громогласна несовладлива смеа, како што единствено тој можеше да се смее, и потрчувајќи наназад да ги рашири грмушките и да ме открие.

Кога станав, неговата силуета едвај се забележуваше на крајот на алејата. Не можев да поверувам дека сум се излажала. Сигурно тој не ме забележал, но зошто одеше таму, кога нашето место на состанокот заправо беше овде.

Се стрчав и наскоро го стасав. Кога се сврте, видов дека не е мојот сакан. Навистина не беше тој и не можев да сфатам како е можна таква голема сличност.

Сето тоа ми изгледаше толку невистинито, што и ден денес понекогаш си помислувам дека беше само моја халуцинација.

Времето минеше. Со тажно лице и едвај чујни чекори газев по 60 61 жолтите умрени лисја, неспокојна поради тоа што се случи и некако како претчувствувајќи нешто лошо. Не знам ни колку време помина, колку долго останав на тоа исто, наше место... Него го немаше ни доцна, во квечерината, кога се враќав дома, сама, без надеж, како тие жолти попаѓани лисја.

Лежев во својата соба на креветот во темнината, со солзи од тага за првпат во моите очи, од горчина, од очај. Што би можело да се случи... Дали постојат работи што би го спречиле да дојде кај мене...

Тогаш рипнав со една голема надеж, што наеднаш ме исполни со енергичност – тоа беше спасоносна мисла – можеби неговата бригада се уште не пристигнала. Тоа единствено можеше да го знае неговиот другар, „уметникот“.

Бев веќе на улица. Брзав со надежта и стравот истовремено во срцето. – Што се случило? Прво што ме скамени, најдувајќи го неговиот другар, беше нешто што во истиот момент не можев да го сфатам. Избегнуваше да ме погледне во лицето.

Го заколнав да ми каже што се случило со него, помислувајќи на најлошо, дури и на несреќа.

Долго молчеше. Сфатив дека го влечам за раката, грубо, дури насилно, со една единствена желба што и да е веднаш да ми каже, да проговори.

Првата вистина што ја чув, дека моето момче си дошло со неговата бригада и дека ништо не му се случило, ми го блокира мозокот. Тогаш допре до мене како „уметникот“ ми зборува дека мојот другар ми е лут за нешто, дека слушнал од некого за некаква моја изневера, и дека тој не може да премине преку тоа. Во тоа бунило, ако го разбирав кажаното, тоа се однесуваше на мојата верност кон него.

Не можев да поверувам. Се, само тоа не... тука немојте да гибате... не дозволувам. Солзите ми пречеа да чекорам. Се влечев како ранета ѕверка, како некој немилосрдно крвнички да ми го беше извадил срцето и јас ги живеам последните моменти. Немаше ни трага од немирната срна што пред малку се криеше во грмушките.

„Уметникот“, секако загрижен поради мојот невозможен изглед, потрча по мене. Бегав не знаејќи и самата каде. Ни со едно делче од сопственото битие не можев да го примам тоа страшно неправедно обвинување. Се се бунеше во мене. Стрелата беше премногу заситена со отров.

Но, тоа е невозможно, тој такво нешто да помисли, да поверува – си повторував сама за себе по стотина пати... на сите би им викала дека тоа е невозможно... Зар тој... Ќе ги раскинам своите гради и на сите ќе им покажам – јас го сакам, го сакам повеќе од се, повеќе од себе, од животот! Не, немојте да ми го одземате, и тоа така подмолно, на таков низок начин... Кој е тој што ме нагрди, ги извалка моите бескрајно чисти, совршено кристални чувства кон него. Ќе ве молам, ќе се понижам, бидете великодушни, поштедете ме... само оставете ми го него, оставете ми го тоа што така неодамна, не пред многу време, се роди во мене, како нешто незаменливо... Вратете ми ја мојата љубов. Вие, зар не сфаќате дека кревате рака на мене, на мојот така млад живот? Немојте да ме уништите...

Неговиот другар ме влечеше, викаше. Ме молеше да тргнам со него, ќе одиме кај моето момче, тој ќе го повика. Ќе разговараме... Да разговараме – таа мисла ми го пробиваше мозокот.

Зар разговорот не е завршен... Тој ме осудил... разговарал еднострано. Јас во неговите очи дури сум недостојна за еден разговор, едно објаснување. Зошто тогаш да одам кај него? Тој своето срце го затворил за мене...

Сепак одев со „уметникот“, влечена потсвесно од таа малечка нишка светлост, малечка надеж. Бев сосем малодушна, бев изгубила и најмала можност за отпор поради ваквото до невозможност, до апсурдност невистинито обвинување, и секако поради тоа и една голема апсурдност да се докаже, да се побие таа невистина. Најмногу од се ме печеше горчливото сознание дека тој, мојот мил, поверувал во неа... Во некаква ужасна лага!

Каде бев јас, мојот лик, твоето чувство кон мене да те спречи да ја примиш како вистина таа безочна лага? Непобитен факт беше дека сето тоа е сепак така, и уште повеќе затоа ја чувствував совршената ненужност на моето одење кај него... нешто во потсвеста ми зборуваше да не го правам тоа, да одам кај него, ме враќаше назад... Сепак одев...

Што да ти кажам ако излезеш? Како да те разубедам... јас, така немоќна, со мали зборови. Можеби сепак вистината ќе ми ја прочиташ во очите... ти порано неа секогаш ја бараше во нив.

Во тие неколку моменти, додека „уметникот“ влезе во куќата каде што живееше моето момче, да го викне, не го чувствував своето постоење. Ми се чинеше дека ќе ми се распрснат сите делови од моето тело.

Заправо замрев кога го видов „уметникот“ да доаѓа сам. Сфатив... не сака да излезе. Не бев сигурна дали ја чув до крајот реченицата што ја изговори „уметникот“, но толку силно се стрчав по улицата, што нему му беше невозможно да ме стигне.

Зошто се уште постојам... зошто не исчезнувам... Животот за мене натаму губи смисла... мечтаев... заедно... за цел живот... Не сакав да живеам без него во мојот живот...

Каде? Дома, ваква, не можев, не смеев... сепак, таму беше единственото место каде што бев заштитена од сите погледи и шумови... Ми се чинеше – тука е крајот... се чувствував излажана, ограбена... ми го зедоа најсветото од мојот живот. Зарем ти им поверува кога ме клеветеа, мили? Зарем толку лесно те излажаа? Ти не знаеш, и можеби никогаш нема да сознаеш, колку горчливо те излажале...

Како не си се борел ти, љубов моја, со сето тоа што го доживеавме јас и ти, што не понесе на крилја...

Како не им се развика да им кажеш дека тоа е невозможно, дека ти мене, единствено ти ме познаваш... Се сеќаваш како ме запознаваше во убаво немо молчење, во треперливо држење на рацете, во најтопла и најчедна прегратка, во срамежливо љубење... Не, мили, не си смеел да им позволиш да те излажат... ти имаше посилни аргументи... Кој те излажа дека таа, таква, страшно убава љубов може одеднаш да исчезне... Тие ја газеле, ја валкале пред твоите очи, а ти тоа си им го дозволил. Зошто не беше доста силен да ја заштитиш?...

Влегов незабележана во куќата, во мојата соба. Темнината и овој пат ми помагаше да го скријам своето лице, но не и да побегнам од страшната вистина.

Мајка ми многу подоцна дојде кај мене, изненадена зошто толку рано спијам.

Мајко, сакав да скокнам, да те гушнам, се да ти раскажам, тебе да ти докажам дека сум чиста, дека не сум згрешила, ни со малечок дел од својата мисла, а камоли со постапка. Зар него да го изневерам?... Тој поим ми беше познат само од површните истории на некои мои другарки, што не ги слушав со задоволство. Што е тоа... што значи тој збор кога се сака... како е тоа возможно... кога тој, единствено тој и никој друг, мамо, влезе во мојата душа, стана мој живот. Нели, мамо, ти ќе ми поверуваше дека единствено тој може да живее во моето срце... и зарем е тоа нешто што би можело да биде поинаку.

Ништо не ти реков, мајко. Мислев, некако потсвесно, дека сепак поминало доста време откога ти сето ова, или нешто слично, си можела да доживееш, дека одамна си се оддалечила од сето тоа. Знаев, ќе ме разбереш, но можеби и ќе се нажалиш поради тоа што јас, твојата малечка ќерка, сум така несреќна... Сакав да те зачувам од тоа.

Мамо... дали ќе биде страшно ако јас умрам... не, јас, моја мајко, сама тоа нема да го сторам, но ете така, како случајно... во несреќен случај...

Ноќта го криеше моето липање и перницата што постојано ја пикав в уста за да ги задушам писоците... кога би можела, и самата себе... Зошто, што се случи тоа во овие неколку денови од неговото последно писмо?

Тоа прашање залудно стрчеше во воздухот, насекаде во темнината околу мене, преобразувајќи се во разни форми на некои привиднија, ме прогонуваше, ме доведуваше до избезуменост.

Зошто сум осудена, мили... бесконечно шепотев беспомошно во темнината, бегајќи, обидувајќи се да се ослободам од најубавите сеќавања на тебе, што речиси сите одеднаш ми надојдуваа, како да ми пркосат зашто станувaат само спомени, а не делови од нешто што се гради, што ќе живее.

Ќе побудалев од метежот што вриеше во мојата глава. Ќе станам, ќе излезам на улица, ќе скитам без запирање, улавски. Не, никаде не можев да одам, не можев да побегнам од тој затворен круг на страотен очај.

И повторно ме притискаше, ме мачеше вистината дека не ме побара, не дојде да разговара со мене, дури ни тогаш кога за тоа јас го молев, да ја каже, да ја изнесе причината. Просто ме отфрли како достојна за презир. Мене, својата единствена, животна љубов. Тој, чие суштество го носев и дење и во сон, секое и најмало делче од него, се во врска со него...

Ми доаѓаше на глас да викам, да се бунам поради таа жестокост за која знаев со целото свое битие дека не сум ја заслужила, а која ете така, дури и несвесно, тој ми ја причинува мене.

Сепак, ни во еден момент во своето срце не најдов груби зборови за да го осудам, верувајќи дека е роб на заблуда, која брзо ќе ја открие и ќе бара проштевање од мене. Тоа ми беше некаква малечка можност за опстанок... дури и начин на самоодбрана. Бев готова сама да ги издржам тегобите на оваа моја состојба штедејќи го него...

Тоа беше мојата жртва за мојата голема љубов.

Некаде длабоко во срцето не сакав да ја отфрлам надежта дека сето тоа нема така да остане, дека ќе се измени. Вистината, единствената вистина што ја носев во душата мора да ги победи сите лаги.

Младоста и целата наивност што таа ја носи со себе ми помагаа така да верувам.

* * *

Првиот ден во училиштето одеднаш сите, не знам ни самата како, сфатија, знаеја... Можеби поради тоа што недостигаше нашата секојдневна ѕвонлива смеа во класот и сите немирства на осмокласници... можеби поради неговиот важен, достоинствен поглед, што бегаше од мене, што дури како да содржеше потценување.

Во секој момент чувствував желба да го напуштам класот, да побегнам. Како ќе живеам во оваа иста средина каде што за мене почна тоа најубавото сврзано со младоста, првите чекори во неа. Дури и клупите, и прозорците, и училишната црна табла, целата таа училница беа дел од сето тоа топло и човечко што не врзуваше, што беше составен дел од нашето сакање.

Се плашев тој да не ја изнесе пред машките од класот таа тешка клевета на мојата чистота, на беспрекорноста на моите чувства кон него, таа срамна лага. Тоа би било премногу свирепо. И сепак, наскоро сите ја знаеја „вистинската“ причина за нашата разделба. Не би престанувала да плачам кога тоа би било некаков доказ дека во ова обвинување нема ни малку вистинитост... тоа и го правев, но секаде каде што можев да се скријам, каде што немаше никој, освен мојата тага. Само на две мои најдобри другарки им раскажав за мојата жалост, за мојот револт и несмалена љубов кон него.

Пак, и зошто тоа... тоа беше нешто само мое и негово, и никој немаше право да суди за тоа. Бев премногу огорчена од тоа што им дозволи на другите да се забавуваат со нашата жална историја.

Немав смелост на професорите да им погледнам отворено в очи. Како навистина да почнав да си сугерирам некое чувство на вина... или едноставно се плашев со кого било да го споделувам тоа големо разочарување на моето срце.

Тогаш сето тоа наскоро стана една обична секојдневна приказна. За сите, освен за мене.

Со месеци одев насекаде каде што беше тој, или каде што можев да насетам дека ќе дојде. Можеби само за да тагувам во неговото присуство. Во салите на кината, таму каде што приготвувавме ученички драмски изведби, во литературните дружини, во читалните. На сите места каде што беше тој, неговиот пркос, и каде што умираше нашата тажна љубов.

Тивко страдајќи, не можев во своето срце да најдам за него негативно, вина за ужасната урнатина што ја направи од мене, и сам не сфаќајќи ги сериозните последици од таа пустош. Чувствував дека целата моја сушност се менува и се врши една страшна корекција во мене.

Другарките, а и по некои од професорите, се однесуваа кон мене внимателно, како со некоја личност што заздравува по тешка болест, но уште не е доволно зајакната, отпорна. Тој однос уште повеќе ме болеше.

Дури и односот на мајка ми и татко ми кон мене се беше изменил. Кутрите тие. И не знаев колку тешко, трагично ги доживуваат сите промени што ми ги читаа на лицето и во моето однесување. За нив не останаа тајна и причините за оваа моја нова состојба. Сепак, одбегнуваа да зборуваат за тоа, како обично што не се зборува со болниот за неговото заболување, уште повеќе ако е тоа нешто сериозно.

Бев премногу чувствителна, така што тоа општо внимание ме нервираше... имав чувство дека си станувам бедна и на самата себе. Поради тоа свесно упорно почнав длабоко во душата да го кријам сето тоа што ме печеше. Дури и постепено се враќав во нормалното течење на училишниот живот.

Строго внимавав да не погледнам ниту еднаш во него додека седевме во класот. Тоа беше еден лажен пркос. Тогаш повторно го барав, одев дури и само за тоа од далеку да го видам.

Седевме во гимназиската сала за приредби, со најдобрата другарка. Се танцува. Ги одбивав сите предлози за танц. Јас танцував секогаш со него, иако во прегратка му беше друга девојка... и го следев со бескрајно тажни очи секое негово

движење, ги милував мене така блиските и така добро познати раце...

Најголема мајсторија беше во тие моменти да не се издаде... да не им се дозволи на солзите да ја преминат дозволената граница на очните капаци и да се разлеат по лицето, ни тогаш кога те осветлило синилото на саканите, а ете сега на некаков начин не твои очи, ниту тогаш кога ќе го предосетиш немиот прекор на саканите усни.

Одеднаш во салата го снема осветлението. Во темнината ги напрегам очите и натаму ја следам таа нежност, таа болка и горчина. Тој тивко полека се врти, држејќи го во прегратка телото на моја соученичка.

Во еден момент почувствував како прстите, долгите прсти на мојата другарка ми ги забришуваат солзите на лицето, што веројатно светкале во темнината.

Скитав насекаде во паркот каде што запишавме најубави спомени... немо молчеше „нашата клупа". Како да ме праша зошто сум сама... каде е тој... „Нашето место", заградено со бујни грмушки, долго веќе беше празно... Ми се чинеше дека и клупата, и тоа место, и тревките, и ливчињата, сите ме осудуваат... бараат вина во мене... па понекогаш горчливо ќе заплачев, барем ним раскажувајќи им колку е се неправично и за мене болно... Па тој е мој... животот ми го даде... луѓе, зошто ми го зедовте?...

Него, нашата љубов, не ја вратив... Можеби таа беше само премногу рано откината пупка, прекината во нејзиното прво отворање на прекрасните но нежни незајакнати латици.

Бев премногу млада, така исполнета со најчедни чувства, а со сосем незацврснати чекори низ животот за да можам да се борам за својата љубов.

Еден ден, доаѓајќи дома, најдов на масата во мојата соба писмо. Навистина се изненадив кога на ковертот го прочитав потписот од „уметникот". Во првиот момент целата бев растреперена,

силно возбудена, надевајќи се дека тоа е можеби некакво објаснување за сето тоа што се случи, или дури можеби, иако не можев во тоа да верувам, молба за простување од моето момче, кое ете нема смелост лично тоа да го стори, па го чини преку овој негов другар.

Горчливо сум се излажала. Содржината на тоа писмо сосем ме извади од колосек, дури не бев во состојба да ја примам како вистина. А ете, беше вистина! Тој, – „уметникот“, неговиот најдобар другар, ми изјавуваше љубов, очајничка, безнадежна, што одамна ја таел и ете сега нашол храброст да се изјасни, да пишува за неа; немајќи смелост тоа да го стори лично, го прави со ова писмо...

Никаде ни намнисување за мојата љубов со моето момче.

Тоа беше премногу... остро ме заболе, некако ми личеше на горчлива иронија, подбивање со моите чувства што нему, можеби единствено нему, му беа добро познати.

Ми стана сосем одбивен. Го презрев...

Зар тој, токму тој не беше очевидец, сведок, на таа моја огромна љубов кон неговиот другар, сведок на тој безграничен очај и страдање. Како можеше тоа да го стори како негов најдобар другар! Не смееше, не смееше никако.

Потоа се обидов да го разберам и да наоѓам оправдувања за таа негова постапка. Точно е, секому може да му се случи да засака некого, но по сите човечки правила тој во овој наш случај би морал да остане нем, длабоко да молчи, ако тоа за негова несреќа му се случило...

Никому не го раскажав тој случај, толку ми се чинеше драстичен, и веднаш ги скрив и другите две писма што следуваа. И можеби никому ова немаше да му го кажам, никогаш.

Но, по неколку години, еден интимен другар на моето момче од студиите зачепка по нашето минато и сакаше да открие каде е

вистината за тој наш совршен полет и ненадеен тажен смртоносен пад... Дури и денес не знам какви беа побудите што го натераа тој колега да се враќа во нашиот заеднички живот далеку назад; веројатно некоја негова сопствена логика по која во нашиот случај вината за паѓањето не е ниту моја, ниту на мојот другар. Или го натерало просто љубопитството.

Како што разбрав од него, тајната, клучот на целиот случај се криел во едно добро составено, пак писмо од тој истиот „уметник", што го испратил во претпоследните два дена од нашето градилиште до моето момче... Тоа, можеби и наивно писмо, било обвинување на мене, мојата чедност, мојата љубов.

Тој несреќен „уметник", кој се заљубил во мене, за да ме уништи, за да ме направи урнатина, го напишал тоа кобно писмо во кое лажно, лицемерно го заколнувал моето момче да ме напушти, поради моето однесување на работилиштето – преслободно, дури изневера!... Го напишал тоа со една единствена цел – да останам „слободна", со голема надеж де   ка можеби ќе го засакам него, исто така, исто толку!

Зарем не се засрами, не се згрози над самиот себе кога беспомошна, во својата безгранична болка, очај, одев кај него, кај тој „уметник" да ми помогне да докажам дека сум невина, да оди и да го повика моето момче за да ме види, да ми поверува. Ох, колку сум се лажела, каква горчлива измама... Нему, кој што ми го копал гробот, сум му се молела, и несвесна за тоа, да го затрупа.

Ни тогаш не нашол достатно сили да не оди понатаму... да запре, и ако е се уште можно нешто да поправи... На што тогаш личеше неговото чувство кон мене што требаше да биде љубов! Тоа било некое нејзино деформирање, изобличување, изрод... грозен изрод... издигнат до крајни граници на егоизмот...

Ете зошто ме отфрлил мојот малечок; ме изгази во најубавото цутење на моите чувства, кога сите виори на среќата ми беа доделени мене и на мојата младост...

Зошто слепо му поверува, мили, без да се поколебаш ни во еден момент. Дали бев толку далеку од тебе за да можеш на некаков начин да ја провериш таа безочна клевета. Пак наоѓав и сега наоѓам оправдување во твојата младост, неопитност, во првите чекори на посериозниот живот. Секако, преданоста на другарот и довербата во сето тоа што значи едно такво другарство не ти дозволи ниту во еден момент подлабоко да размислиш за се. Едноставно, се си примил како непобитна вистина.

Можеби и без тоа ќе се случеше нешто во нашиот натамошен живот што ќе го уништеше тој прекрасен сјај на нашите најубави први чувства, како што подоцна увидов. Најчистата, таа вистинската среќа некако како однапред да е осудена малку да трае. Сепак, не можев да се помирам дека тоа со нас е направено на еден таков безочен начин. Најстрашно од се ми беше тоа што една таква неважна, дури и наивна работа го поткопа целиот натамошен тек на мојот, а можеби и неговиот живот.

Дознавајќи ја оваа вистина од неговиот колега од студиите, што ме врати неколку години назад, си префрлав самата себе што не сум се победила и не сум отишла кај него, многу да го молам да ми објасни што е тоа што се испречи меѓу нас, кои неизмерно се сакавме. Можеби ќе го ослободев од сомневањето, можеби вистината ќе му ја кажев со очите... со се мое.

Одамна за сето тоа беше доцна, дури веќе не ја мразев и онаа девојка што го зазеде моето место во неговото срце. Единствено можеби го сакав и се уште го сакам сето она што е за него убаво, што е негова среќа, од која бев исфрлена немилосрдно, поради се уште сосем неоформениот егоизам на оној другиот, чија жртва бев станала и јас, и тој мојот љубен, и нашата љубов.

Бевме премногу млади за да се спротивставиме, да ја заштитиме...

Никогаш, ниту на моите родители, кои толку многу се грижеа за мене, не можев да им раскажам, уште помалку да им се доверам за сето тоа што го проживеав. Некако сето тоа го сфаќав само како мое, каде што никој не може ниту да влезе, ни

да помогне. Во секој случај, тие се обидуваа по посреден пат да ми дадат на знаење дека тоа се обични работи во животот, што не треба да се сфаќаат премногу сериозно, повеќе претпоставувајќи што се случува во мојата душа.

Им бев благодарна за таа грижа, но знаев некаде длабоко во срцето дека тоа сепак не се така обични работи.

Престанав да го барам и да го наоѓам насекаде во градот, зашто сфатив дека таа другата во целост ме беше заменила во неговото срце. Барајќи го него, секогаш ги наоѓав заедно, дури често толку весели што ми стануваше јасно дека навистина на моето присуство тука некаде покрај нив му нема место.

Настапи еден нерадосен, речиси тап период во мојот живот. Единствен свет што ми ја пополнуваше празнината во душата беше светот на романите, театрите, филмовите. Скитав насекаде каде што можеше да се доживее нешто убаво и потоа долго размислував одејќи по улиците, занесена и отсутна.

Се запишав на факултет, прв што ми падна на памет, сосем рамнодушна кон далечните перспективи на мојот живот.

Посетував часови на факултетот, стекнував нови познанства, но премногу здржано, ретко.

Еден ден, одејќи без каква било цел по улица, се сретнав со група другари од училиштето, се запревме и се расприкажавме за студиите. Тука беше и Дуце, и Бедо, и Мики, сите некако свои, блиски... ти си им измислил имиња или се составувале во твое присуство. Еден живот протече ученички, а ние во него... и радоста поради петката и плачењето поради двојката, и сето тоа така малечко, ситно, во однос на тоа што доаѓа... И тепачки и слога, и другарство и уште младо наивно непријателство. И први судрувања со тоа што е живот, а надвор од тоа што е клас... Толку ми беше мила таа средба. Сите тие, овие наши момчиња, беа нешто што ме врзуваше за најубавиот дел од мојот живот.

Веројатно загубувајќи го трпението поради нашето долго прикажување, ни се приближи едно момче кое дури тогаш го видов и подаде рака за да се запознае со мене. Другарите ми објаснија дека и тој е во нивното друштво и дека останал настрана да ги причека. Се запознав. Тоа беше момче неколку години постаро од нас, со некој упорен, дури по малку дрзок поглед на црните очи.

Не сакајќи да се разделиме така брзо, другарите ме повлекоа со нив и јас тргнав чувствувајќи се навистина радосна поради тоа што повторно сум некако во своја, наша средина.

Одговарајќи механички на прашањата од новиот познајник, спонтано се вовлеков во разговор со него. Ме заинтересира со некои негови познавања токму во оние области што беа предмет на моето интересирање, уште повеќе сега, во овој период на бегство од секојдневниот живот.

Беше многу постар од мене и не му беше тешко да ме воодушеви, дури и да ме измами со некои свои познавања.

Студираше. Беше при крај на студиите. По неполна година ќе биде лекар. И тоа секако ми импонираше. Не самата професија, ами фактот што е, така да се каже, пред завршното формирање во еден дипломиран специјалист.

Почнав да се навикнувам на излегување и речиси монотони долги прошетки со него. Долго расправавме за се и сешто, како да сакавме да ги проверуваме сопствените мисли во заемна размена.

Забележав дека премногу инсистира на точноста, единствено на своите познавања, со извесна на почетокот дискретна препотентност. Тоа не ми се бендисуваше, но сметав дека може да биде и некој вид на позитивна самоувереност, па дури и карактерност.

Уште од мала бев научила да имам свое мислење речиси за сите работи и слободно да го изнесувам.

Не знам зошто уште во првите разговори со тоа момче како да не се осмелував да инсистирам на правилноста на моите ставови, дозволувајќи му со тоа тој да остане со убедување дека правото е на негова страна. Можеби тоа дури и мене ми беше потребно, заради создавање на некаков авторитет, негов кај мене. Знаев дека во истиот момент кога ќе го потценам, неговото присуство ќе ми стане одвишно.

Нашите заеднички прошетки станаа се почести. Или тој ме викаше свирејќи од улица, или ќе ме чекаше на некое вообичаено место. Почна да ми сугерира како да се облекувам, каква фризура да носам. Не сум свесна зошто сето тоа го правев по негов вкус, можеби поради потребата некому да се повинувам, на посилен, секако – маж.

Одамна заборавив каде и како ме прегрна и ме бакна првпат. Се сеќавам единствено дека не се спротивставив, не дават отпор. Можеби одевме дури и по истите тажни патеки каде што првата љубов ме беше понела на своите прекрасни крилја.

Ова беше една нејзина бледа сенка, еден вид имитација.

Зошто не се спротивставував, ами се препуштав на овие нови допири?

Бев урнатина, а во урнатина не е тешко ниту да се влезе ниту да се излезе. Нема ни врата, ни прозорци...

Него, мојата единствена голема љубов, со уште поголема илузија на малечко девојче – љубов за цел живот, веќе ја немаше. Се што понатаму ќе дојде... нека дојде...

Навиките постепено се стекнуваа. Прво на неговата се поголема препотентност, а потоа и нервоза, која на почетокот ја оправдував со напорните студии.

Навика да одам со него на кино, на театар, во неговите друштва, во моите – со него.

Навика да одам на посета кај неговите, во неговата куќа. Тој да доаѓа кај моите.

Дури и навика на неговите грубости, што натаму се повеќе и повеќе доаѓаа.

Сепак, сето тоа некако стануваше мој начин на живеење од кој веќе тешко би можела да се извлечам.

Бев затворена во еден круг, што тој со месеци го градеше околу мене за, оградувајќи ме сосем од какви било надворешни влијанија, да постигне кулминација на своето влијание над мене. Никогаш, па дури ни денес не сум свесна како постепено загубив секаква волја за отпор и сосем потпаднав под некаква негова опсесија.

Наскоро личев на малолетна под негово старателство, дури не смеев да ги поздравувам старите познајници, што во некоја смисла за него значеше „да се остане во границите на моралот". Дури со иронија ме потсетуваше на тоа дека не сум го поздравила „еден од моите", однапред свесен дека тоа не сум го направила единствено поради него. Со ова име тој ги вбројуваше сите мои познајници, дури и другарите од училиштето, во евентуални можни мои бивши љубовници, што беше премногу парадоксално за да чувствувам потреба како било да му одговорам на таа негова забелешка.

Веќе одамна почна да стекнува граѓанство во нашите односи и една ваква практика. Сме се разделиле на последниот состанок обично љубезно, ведри и расположени, и сме закажале средба за утредента. Од едното до другото состанување не поминало повеќе од една ноќ и оние неколку часа од денот. Доаѓајќи на состанок, уште од далеку ќе го забележев неговото смуртено лице и дури некаков злобен поглед во очите. Ќе ме пречекаше молчејќи. Ќе тргневме молчејќи. Во вакви случаи обично во неопределен правец.

Долго ќе го молев, упорно ќе настојував да ми каже што се случило во меѓувреме, која е причината за неговата лутина. Тој упорно ќе молчеше. Ќе одевме долго, долго молчејќи, а

понекогаш, кога ќе го загубев трпението поради тоа немо, а неизвесно за мене обвинување, ќе плачев. Тој и натаму ќе молчеше. Потоа одеднаш ќе се завртеше и ќе си отидеше, оставајќи ме докрај во неизвесност во што е работата.

Јас веднаш, или утредента, ќе отидев во неговата куќа со надеж дека сепак ќе разберам што е тоа што сум згрешила, каков е мојот грев. Долго во себе ќе барав, разгледувајќи ги сите свои постапки, дури и мисли, што е тоа што го натерало на таков однос.

Обично кога ќе дојдев кај него, по некоја ваква сцена, неговото расположение повторно попримаше нормален вообичаен однос, како ништо да не се случило во меѓувреме.

Не можев да знам, а можеби затоа што се уште бев премногу млада, дали во тоа се крие некаква игра на уште поголемо потчинување, дури и еден вид сугестија насочена кон мене, за намалување на мојата вредност. Во секој случај, новата ситуација некако ја примав како сепак извесно решение. Не одев понатаму во расправање зошто беше сето тоа што помина, веројатно плашејќи се повторно да не ја вратиме онаа неиздржлива напнатост од вчера, она неизвесно молчење.

Со секој ден станував се повеќе свесна дека во целиот наш однос има нешто што не е добро, што не е засновано на здрави односи, и длабоко се борев со својата свест да најдам решение, излез. Оваа врска веќе доста долго траеше, така што навистина пак стануваше еден живот, што е тешко да се менува. А истовремено тешко и да се остане во него.

Кога настапуваа кризите, кога бевме на работ на разминувањето, тој секогаш ќе најдеше некои скриени, за мене непознати методи за да го задржи, обнови, сето тоа за што може да се каже дека беше невозможно да се задржи. Дури беше способен, тој таков препотентен и така непогрешлив, на извесни самопонижувања, за да ме одоброволи и потхрани за продолжување на таа наша врска. Ја воздигнуваше својата љубов кон мене до невозможни висини, до измачување, се жалеше на мојата недоволна, мала љубов кон него, и со тоа се

обидуваше да го објасни целиот свој однос, дури често и груб кон мене.

Секако, тоа беа моменти и на некоја негова внатрешна борба меѓу сопственото самомислење и невозможноста да ја оствари својата страшна желба да изгради кај мене еден ист таков однос кон него. Верувам дека ни во еден момент не се сметаше недостоен за една голема љубов, која треба јас да ја имам во моето срце за него.

Секогаш по тие кризи доаѓаше некој вид смиреност, ублажување на нашите судрувања и ќе одеше тоа пак така извесно време. Тогаш одеднаш ќе измислеше нешто. Како, да речеме, безмисленоста на моето посетување на часови на факултетот, дури индиректно на моите студии. По некои невидливи патишта, скриено... како да ми сугерираше неспособност да ги завршам студиите, но тоа само јас го чувствував, или просто го претпоставував. Долго ќе ми зборуваше за својот идеал на жена домаќинка, која е интелигентна, начитана, но целата предадена на семејството, на семејната среќа, децата. Жената во работен однос, со некоја своја професија, според неговите претстави беше само оптоварување на среќниот брачен живот.

Долго споревме околу тие негови, според моето убедување погрешни мислења за жената брачен другар – интелектуалка, мајка. Размислував дали е и тоа некаква игра диктирана од неговата препотентност. Сепак, наивно верував дека тоа, и многу други негови негативни ставови, ќе ги изменам во нашите по   натамошни контакти, дури не со свои зборови, ами со сопствениот пример. Некои работи ми изгледаа толку непобитни вистини, што живеев во уверување дека тој, сакал или не, мора и сам да им се потчини.

И покрај сето тоа што не одвојуваше, нешто неразбирливо за самата мене, ме влечеше кон се што беа нашите контакти, нашиот заеднички живот. Тоа беше навистина некаков вид опсесија.

Со што тој така неизбежно ме грабеше? Како не наоѓав достатно сили во мене да се борам, да најдам излез, отвор, во тој затворен круг што се повеќе и повеќе ме притискаше? Дали тоа беше онаа моја тапост што ме беше обзела по сето тоа што се случи во моите први чекори во животот и веднаш потоа тоа големо разочарување? Во секој случај, станував свесна дека се повеќе и повеќе слабеам во барањето излез... можеби сето тоа беше еден негов премногу добро пресметан и изграден систем...

Пак беше настапил еден период на негова добра волја и ме опкружуваше со разновидно внимание. Дури одеше со мене кај фризерката да настојува да имам фризура по неговиот вкус, заедно со мене избираше модели за фустани. Ќе ме изненадеше со некоја подарена книга, за која знаеше дека необично ја сакам. Јас повторно се препуштав на едно такво расположение кое ми ја враќаше надежта дека сепак ќе најдеме некаков компромис во целиот наш однос.

Речиси секојдневно бев кај нив. Неговата мајка ме задржуваше на ручеци.

Излегувавме често заедно со него.

Моите родители не знаеја ниту еден мал дел од сето тоа. Некаде потсвесно сознавав дека тоа се преголеми обврски што сама си ги земам на себе, не консултирајќи се со нив претходно и не барајќи ја нивната согласност. Уште помалку имав смелост тоа да го сторам подоцна, откако работите ќе се случеа. Стихијата ме влечеше, а јас не наоѓав снаги во себе да се спротивставам.

Бидејќи секојдневно одев кај нив дома и таму останував повеќе часови, тоа ми станува   ше веќе нешто сосем обично.

Еден ден, влегувајќи во куќата кај нив, се изненадив кога го видов него во пижами и в кревет. Набрзо со некаков изнемоштен глас ми објасни дека е болен и изгледаше по малку лут зошто толку долго ме нема. Јас се извинував дека не знаев оти бил болен и, откако ги собув чевлите, приседнав на креветот на кој лежеше. Во куќата немаше никој, што ретко се случуваше, зашто неговата мајка беше постојано дома.

Таа атмосфера на извесна болешливост предизвика кај мене сентименталност и, можеби за првпат во целото ова наше контактирање, бев повеќе попустлива на неговите милувања. Веројатно и моите години ме правеа преосетлива и готова да му простувам, брзо да ги заборавам погрубите работи во нашите односи, дури и навреди, или можеби само да ги потиснувам некаде длабоко во себе. Тогаш ќе и препуштев на самосугестијата да ме држи во заблуда дека сето тоа, дури и најдрастичните грубости, се само резултат на неговата љубов кон мене и нетрпеливоста да ме добие за цел живот.

Во секој случај, во еден момент сфатив дека се случува нешто повеќе од она вообичаено што беше во нашите поранешни односи. Знаев дека треба да се спротивставам, дека не смеам тоа да го дозволам, дека тоа е една фаталност која не смееме да ја преминеме, барем уште не додека не бидеме сигурни, сосем сигурни дека ќе го живееме животот заедно. И покрај тоа се препуштив на сето тоа што се случуваше, како давеник кој нема повеќе ни сили ни желба да се бори, им се дава на немилосрдните бранови...

Дури и кога веќе се се случи, не знаев дека е „она“, не бев сигурна дека сето тоа е така, зашто тоа дотогаш постоеше единствено во мојата фантазија. Никогаш мајка ми не беше разговарала со мене за тоа, веројатно го сметаше за премногу сериозен еден таков разговор со нејзиното девојче.

Во тој момент не можев да ја сфатам пресудноста на тоа што се случи за мојот натамошен живот. Само имав некакво чувство на тапост, а можеби и разочарување. Не знаев дека тоа дури сега ќе настапи. Сето тоа што се случи беше далеку од оние соништа за совршенството на спојувањето со саканиот човек.

Сакав веднаш потоа да си одам. Некако ме оптоваруваше тоа што стана. Не знам ни самата дали му префрлив за сето тоа, или тој прекор го почувствува, но многу добро се сеќавам дека рече:

– Тоа само тебе ти се чини, не беше тоа ништо.

Во првиот момент си помислив дека зборува така за да ме утеши и му бев поради тоа благодарна, иако знаев дека не ја зборува вистината. Дури ми доаѓаше да плачам, и секако би плачела ако не се плашев од неговиот потсмев.

Тогаш се обиде поупорно да ме убедува дека тоа што јас мислам не се случи. Дали поради бојата на неговиот глас, или поради изразот во неговите очи, во моето сознание се создаде една ужасна мисла: „Тој намерно сака, за секој случај, да се огради... Секако заради ослободување од некој вид вина, во смисла на обврска“.

Ми стануваше одвратно. Можеби и ќе ја отфрлев таа мисла ако молчеше, или само да се насмевнеше и нежно да ме гушкаше. Не, тој и натаму упорно тврдеше, ме убедуваше дека јас тоа си го воображувам, иако знаев дека тоа е сторено. И, што е уште пострашно, дека и тој тоа го знае, го знае посигурно од мене, како непобитен факт, а ете свесно сака токму тој факт да го замагли. Можеби и повеќе од тоа, погрозно, да претстави како да не постои.

Се повеќе ме обземаше одбивност кон него, некаков внатрешен отпор. Знаев дека никогаш нема да го заборавам ова бедно негово однесување кон мене, во тој така чувствителен момент во мојот живот, а верувам и во животот на сите девојки. Ми личеше на бедна кукавица. Истовремено чувствував дека немам ни желба да го тврдам спротивното, да ја бранам вистината. Дури станував индиферентна кон причината за тоа негово скривање зад лажниот параван што не постоеше.

Одев кон нашата куќа полна со горчина, дури и некаков револт. Ми се гадеа неговите обиди да ме расположи, да го замачка сето тоа што не беше возможно да се менува, ни тогаш, ни сега, ни за цел живот. Знаев дека го оставив целиот таму, во тој кревет, во неговата куќа, дека не понесов ни најмало делче од него.

Бев сосем ослободена од предрасудите во однос на моето девојчинство. Тоа што се случи ниту во еден момент не ме оптоваруваше, ниту ме врзуваше за него. Дури, нешто уште

повеќе, таа случка остана како еден непријатен чин во мојот живот... не наоѓав во себе ни малку желба да одам да го побарам. Не ме бараше ни тој. Претпоставував дека е убеден оти сум сега јас таа – заинтересираната, него да го барам, по сето тоа што се случи. Додека во обични услови не би издржала два-три дена да не отидам кај нив, тогаш тоа упорно го правев. Излегував од куќата, одев на факултет, шетав по улиците, само моите да не забележат дека седам премногу дома и дека него го нема со мене.

Кога го слушнав неговото свирење, брзо се приготвив и излегов. Беше бесен. Сакав да му речам – по која логика требаше јас него да го барам, а не тој мене, но се плашев од голема караница. Не го поканив да влезе дома зашто знаев дека тоа нема да го стори. Има повеќе недели како не доаѓа кај нас, односно по еден наш разговор во кој јас наивно му реков дека не им се бендисува на мајка ми и на татко ми и дека тие се противат на оваа наша врска. А тоа и беше вистина.

Никогаш изразот на лицето не му беше така навреден и злобен како во тој ден кога го реков тоа. Едвај се воздржа да не каже нешто тешко, навредливо за моите родители, и подобро што тоа не го стори. Во секој случај, престана да доаѓа кај нас, а мајка ми и татко ми, иако знаеја зошто е тоа така, ништо не преземаа за да ја изменат таа нова ситуација. Дури имав впечаток дека тоа им е попријатно, зашто навистина не го сакаа.

Истовремено беа толку внимателни што не се обидуваа и мене да ми го наметнат своето мислење, веројатно претпоставувајќи дека јас сум нашла нешто во тој човек што мене ми одговара. Сепак, не го криеја својот однос кон него.

Од друга страна, тоа страшно го погоди него, неговата препотентност. Речиси не можеше да сфати како тој, утрешен лекар, со привлечен надворешен изглед, со таква висока интелигенција, барем тој за себе така мислеше, која секогаш ја потенцираше, не може да стане објект на воодушевување кај родителите на една девојка чиј сопруг можеби ќе стане. Веруваше дека нема такво семејство кое не би го посакало него, ваков, за зет. Затоа оттогаш постојано имаше желба да најде

некаква причина, ситница врз основа на која ќе ги потцени моите родители, ќе ја намали нивната вредност.

Секогаш се обидував да го спречам во тоа, зашто тие навистина беа родители кои заслужиле да бидат почитувани и сакани.

Нивниот однос кон мојот избраник беше една нормална реакција, што произлегуваше од нивните поголеми можности од моите, пореално да погледнат во него и неговите постапки. Пореално и позрело, и во извесна смисла многу повеќе отстрана – од мене самата која се наоѓав во тој вител.

Секогаш кога расправавме со татко ми за проблемите и судрувањата и караниците меѓу нас двајцата, во кои секогаш јас бев на клупата за обвинети, се согласував со татко ми во однос на сите негови заклучоци и бев готова веднаш да ја раскинам таа врска, да се откажам од неа.

Дури често ќе заспиев со едно цврсто решение тоа да го направам, нетрпеливо чекајќи го денот. Еднаш и јас да им покажам на сите и на самата себе дека имам волја, дека можам да го спроведам тоа што ќе го реши мојот разум. И пак потоа, кога ќе го најдев него за да го сторам тоа, тој некако наоѓаше мајсторија да ми го истисне оружјето од раце, дури често и со него да ме тепа.

Постојано, во сите наши спорови, судрувања, јас, мојот живот, моите сфаќања, моите навики, моето воспитување, дури и моето семејство беа предмет на анализа, критика, навредување. Тој секогаш се извлекуваше од тој круг, или јас бев само премногу млада, неспособна да го вовлечам во него. Самиот факт што морав постојано да го бранам сето тоа, самата себе, како навистина да го доведуваше во сомнение квалитетот на сите тие компоненти што ме сочинуваа. На таков начин тој ме оневозможуваше, макар и во еден момент да влезам во она што беше тој самиот. Секако поради тоа се чувствував како помала вредност, оспорена.

И овој пат, кога излегов, откако слушнав дека тој свири од улица и го видов бесот на неговото лице, се фатив самата себе

како сакам веднаш да почнам да се оправдувам дека не сум отишла кај него само поради тоа што сум очекувала тој да дојде. Наместо јасно и гласно да му кажам, да отсечам, дека беше единствено логично тој да дојде кај мене и тоа веднаш по она што се случи. Уште повеќе, не поради самиот настан, ами поради тоа што тој во врска со него го рече, поради неговиот однос кон тој настан. Тогаш судрувањето ќе беше неизбежно, ќе се речеа потешки, навредливи зборови, и можеби извесно време и затегнато ќе молчеше. Потоа, сепак ќе мораше да се премине преку сето тоа и пак да се врати на старото... и дури бакнежи и милувања. Таквиот редослед на работите толку не можев да го поднесам и, за да ја избегнам целата таа процедура, бев склона на претходни жртви. Дури можеби и некогаш со губење на достоинството. Секако затоа и овој пат попуштив. Но, тој не. Неговите зли очи избегнуваа да ме гледаат.

– Не заслужуваш да бидеш со мене, – рече.

– Тебе ти е сеедно дали ќе ме видиш три дена или не. Толку е голема твојата љубов.

Сеедно не ми беше. Но не поради љубовта.

– Тоа не е вистина, – реков. – Истото би можело да се каже и за тебе, зошто ти не дојде?

– Бев болен. Ти тоа добро го знаеш, – рече со уште погруб глас.

Болен. Ми беше смешно, дури во тој момент ме пресече една мисла: „Дали тој не го глумеше тоа оној ден?“

Молчев.

– Е, затоа сега ќе си одиш дома, – рече остро, се заврте и тргна.

„Немој да си одиш, ќе се каеш“, сакав да му дофрлам. Стоев нема, со солзи во очите. Не се обѕрнуваше. Не смее така да си оди. Да се стрчам по него, да го стасам, можеби и тоа ќе го сторев ако не се плашев тој тоа да не го разбере така, дека ете,

ми е страв, се чувствувам зависна заради „она“. И сфаќав со горчина дека тој тоа и ќе го помисли.

Тргнав со бавни чекори бесцелно. Можеби тој сето тоа и го направи за да ми ја покаже својата супериорност во новонастанатата ситуација. Горчливо се излажал. Таа, таквата супериорност ја нема, зашто јас неа како таква не ја чувствував. Од мојот аспект тоа што стана беше од мало значење за мене, ништо не менуваше во сфаќањето на сопствената вредност. Ако мислеше поинаку, тоа беше само негова заблуда.

…И покрај се отидов да го побарам, бранејќи ја таа моја постапка пред самата себе со овие причини – дека тој, ете, сепак дојде мене да ме побара и со тоа направи еден чекор, оној другиот чекор треба да го направам јас... И второ, постоеше некој вид чувство на вина што не отидов пак да го посетам, а знаев дека беше болен. Свесно, ни самата не знаев зошто, ја занемарував вистинската причина што ме спречуваше тогаш да одам да го барам, а тоа беше – оној негов однос кон мене, во врска со последниот настан.

Ме пресретна со неговата фантастична способност да се преобрази, со еден срдечен израз на лицето, како само пред малку да бев излегла одовде и да го бев оставила во најголемо расположение.

Јас пак од своја страна ја прифатив таа нова варијанта и се беше во ред. Откако ми постави неколку конвенционални прашања, мајка му не остави сами.

Деновите поминуваа, а нашите затегнати односи продолжија. Не знаев дека тоа најблиското, најинтимното поврзување, може да биде толку големо оптоварување за млада жена, поточно девојка. Наидував на некаков чуден отпор во мојот организам и желба да го спречам сето тоа... ете, стана што стана и да остане на таа точка. Се би направила да можев да ги избегнам тие допири, што беа туѓи на целото мое битие... Сепак, како и се друго што беше влечено од тој вител, се подавав, и самата несвесна зошто, дали заради него, поради сето тоа што со месеци траеше, а што бевме тој и јас и целиот тој живот во

врска со нас. Ни во какви било ситуации натаму во животот немав, како тогаш, такво чувство за самата себе – си личев на некаков предмет, некој одвоен механизам што функционира вон моето битие.

Секогаш кога тоа беше возможно го избегнував тој контакт, што во некоја смисла уште повеќе го оддалечуваше него од мене. Тој тоа секако го чувствуваше. Можеби затоа, во сите наши натамошни средби, не избегнуваше директно да ја потенцира мојата зависност од него, како нешто сосем логично. Ми ја сугерираше својата доминација, секако правејќи за себе некакви заклучоци по наследената од памтивека логика која произлегуваше од божемната специфична положба на жените во природата и општеството.

Секогаш за сето тоа имав еден скриен потсмев и горчливо сознание за неговата недоволна еманципација. Дури можеби не беше ни тоа, ами обид да го стабилизира своето место во нашата врска, ползувајќи се со такви во голема мера надживеани работи.

Дали свесен дека сето тоа е недоволно и барајќи нови патишта до целта, еден ден рече, сосем ладнокрвно, како да зборува за купување чорапи:

– Мислиш дека сум толку глупав па ќе ме излажеш дека јас бев прв, оној ден... што беше со тебе. Ти „тоа“ си го направила многу порано! Единствено останува да ми кажеш со кого!...

Неколку моменти се борев да ја задржам мислата дека тој се шегува со мене, иако ниту предметот, ниту тонот на неговите зборови даваа надеж дека тоа е шега. Седевме на клупа во паркот, а јас се плашев да не ги повтори тие зборови, зашто за жал сепак сфатив дека тој сериозно ми го рече тоа.

Имав желба да го удирам, не, уште повеќе од тоа, да бегам од него, очајнички, што подалеку, како некоја ужасна опасност за мене, за мојот живот.

Мислата беше толку поразувачка, што веднаш станав свесна зошто му беше нему потребно оној ден да го замаглува фактот дека „тоа“ се случи, да го порекнува.

Тоа беше уште еден добро смислен потег во целиот систем на неговата игра.

Се ми изгледаше уште помизерно, поради самиот мој природен однос кон сите тие страни на животот... „Па што дури и ако било порано, со друг човек...“, сакав да му викнам – иако не беше вистина.

Повеќе од се ме болеше обвинувањето што беше содржано во сето тоа, обвинувањето на мојата искреност, на мене – значи јас лажев, играв улога за сето време на тие моменти – како тоа да е првпат... Тоа беше премногу... газење по мојата чедност до болка...

Единствено што можев да сторам беше да побегнам... го сметав недостоен што било да речам... па дури и навреда...

Сфаќајќи дека беше го преминал дозволеното затегнување, зад кое се криеше опасноста да се прекинат конците и сосем да ја испушти куклата од своите раце, тој веднаш утредента направи голем чекор: прекршувајќи ја својата изјава дека веќе нема да стапне во куќата на моите родители, затоа што го навредија, заѕвони на нашата врата.

Долго се колебав дали да му отворам, сметајќи го уште помалку достоен да влезе во нашата куќа, кога слушнав дека мајка ми ја отвори вратата и веднаш потоа неговиот гласен љубезен поздрав.

Зошто доаѓаше... Како повторно да се собереме кога има толку многу непремостливи работи што не разделуваат. А што е најважно, свесни сме за тоа и тој и јас. Тоа навистина беа несовладливи пречки. Не наоѓав ни малку сили повторно да се враќам на сето тоа. Зошто дојде...

Влезе во мојата соба. Мајка ми не се обиде да дојде кај нас, дали затоа што беше зафатена со свои работи, или со тоа сакаше да му покаже дека нејзиниот однос кон него и натаму останува ист.

Молчевме. Навистина, зборови воопшто не можеше да се формираат.

Ми се приближи и молчејќи почна да ме гали по косата, да ја бакнува. Сакав да му викнам – зошто го прави тоа, па тоа сега е нелогично, по сето од вчера и порано... Седев неподвижна, како тонејќи во некој друг свет, а овој овде оставајќи го, како независен од мене, као некое мое механичко движење во него, кое нема подлабока врска со мене, со тоа што сум јас.

Зошто и тогаш не најдов сили да му ја отфрлам раката со презир, да го оневозможам да ме милува, мене, која вчера така ниско ја навредуваше. Бев бесна на самата себе, истовремено очајна поради ваквиот свој кукавичлак... а знаев дека со целото свое битие не сакам да му дозволам ниту еднаш, ниту малку да се допре до мене.

Се ми беше одвратно, целото мое препуштање на поројот, валкан, но на некаков неосознаен од мене начин моќен, можеби од камењата и различните отпадоци што ги тркалаше со себе... Бев нежна пеперуга, чии крилја беа натопени со вода, оневозможена да лета, да побегне од тој вртеж во вителот.

Не знаев каков ќе биде односот на мајка ми и татко ми кон се ова што се случуваше со мене во последно време. Верував дека најмногу би ми забележале за тоа што станав толку блиска токму со овој човек, кого воопшто не можеа да го поврзат со мене. Знаев дека, кого и да изберев, ним не ќе им беше достатно добар, зашто кој може да биде како нивното дете. Но во овој конкретен мој случај, за жал, со право не беа задоволни, дури и не претчувствувајќи колку има страшно, а ним непознато, од што беа поштедени.

Нашата врска некако се влечеше и натаму. Кога би можел некој друг наместо мене одеднаш да ја прекине, да го прекине целото

тоа тормозење, би се почувствувала ослободена од силната мора што ми ја притискаше душата. Но, секако поради комплетната опфатеност од целата таа негова сугестивност, штом ќе дојдеше да ме повика, одев како да сум целата во негова власт, еден роб, без и најмалку волја. Личев на куче што ни во еден момент нема да му се спротивстави на својот господар; дури ни тогаш кога ќе го злоставува, можеби само поради тоа што потоа ќе настапат моменти кога неговиот господар ќе биде повеликодушен.

Навлегувавме се подлабоко и подлабоко. Денови исполнети час со разјадување, час со некои повремени просветлувања.

Напуштајќи ја ординацијата на познатиот гинеколог, не можев да ја средам бркотијата на мислите во мојата глава. Сепак, до свеста јасно ми доаѓаше вистината што пред малку ја слушнав – дека ќе станам мајка.

Би сакала да не одам кај него на закажаното место за состанок, кај него, кој со нетрпение го чекаше наодот на лекарот. Сакав да го излажам, најмногу поради сето тоа што се случуваше меѓу нас во овие последни месеци. Знаев – нема да бидам во состојба тоа да го направам и затоа веднаш му реков, штом го видов. Се намурти. Изразот на неговото лице не го откриваше вистинскиот однос кон новонастанатата ситуација, или јас не бев во состојба да го откријам.

Сакав да му кажам, да му викнам, дека сето тоа за ништо не го обврзува, тоа воопшто не значи дека треба, дека мора да се ожени со мене, дека јас не се плашам од ништо што ќе дојде...

Откако си тргна накај дома, одев по улицата подведена, со наведната глава. Тоа сознание за мојата нова состојба сосем ме исфрли од колосек. Ме најде премногу млада, неподготвена. Во моите чувства немаше ни малку радост, се беше – една горчина... која не можев да ја споделам дури ни со него, што единствено би ми помогнало во овие тешки за мене моменти.

Не веднаш, но само по неколку дена, кога бевме излегле во паркот на прошетка, тој ја почна својата игра, што беше само

продолжување, вклучување на последниот дел од неговиот план.

– Ти мислиш дека не знам зошто твоите ги прекинаа односите со мене, божем не им се бендисувам. Тоа би го разбрал и најглупавиот човек... а јас, се надевам дека не сум толку глупав. Единствената заднина на сето тоа е да се откинат од тебе, како божем не им се бендисува твојот избраник и да не ти дадат ништо. Чудно, а велиш толку те сакаат. Едно дете! – ми рече, гледајќи ме со сожалување.

„Да се откинат од тебе“ – тоа, таков начин на изразување пред се беше невозможен! А потоа, смислата на реченицата беше толку апсурдна за да се доведе во врска со моите родители, со оние наши меѓусебни односи. Како можев тоа нему да му го објаснам, кога тој никогаш не припаѓал на еден така прекрасен свет, што постоеше за нас тројцата – татко, мама и јас... Очигледно, сфаќав дека за него сето тоа е туѓо, како што мене ми беа туѓи неговите дофрлања за односот на моите родители кон мене.

„Како не разбираш, јас и бев нивно единствено девојче, смислата на нивниот живот, покрај онаа што ја наоѓаа во другите негови сфери“.

Одеднаш, незапирливо, ми допре до свеста, веднаш по оној прв пробод, заднината на сето тоа – неговиот материјален интерес што сака да го оствари преку женидбата со мене. „Не сум ли јас средство?“ – тоа беше мисла што ме тераше во ужас, и веднаш потоа желба се да поништам, изгазам, избришам, се што беше меѓу нас двајцата... од првиот момент.

Не, не сакам да го примам тоа како возможно... Речи, многу те молам да речеш, дека тоа не е вистина, дека не е така... не можам да опстанам со една таква претстава во главата... тоа е неиздржливо...

Подобро да молчеше, илјадапати подобро отколку што го рече тоа:

– Јас сакам само да ти ги отворам очите. Ти се уште си премногу млада и наивна и не го разбираш животот. Зошто да те измамат?...

О човеку, запри се, зарем веќе не си во можност да го следиш тоа што го зборуваш, за кого зборуваш тоа? Тебе нешто ти се измешало во главата! Нема веќе да ти дозволам ни збор да проговориш.

Најстрашно од се беше тоа што тој иронично се смееше, и што во таа смеа сфатив тон на господар.

Не! Си се излажал! Се можев да преболам, се, освен ова материјално, што требаше да претставува составен дел од мене како вредност што ја земаш. Уверен ли си дека е дојден вистинскиот момент кога тоа ќе го спроведеш во дело?!

Би му рекла дека е одбивен, беден, дека се гадам од него и би побегнала... Каде да бегам со она другото, што се случи... Кај кого? Зар кај моите драги родители како жална состојба, наместо награда за сето што го правеа за мене.

Во мојата глава на се уште неоформена жена едвај јасно се раѓаше и една друга, за мене нова мисла: зар да го осудам тоа дете, што можеби ќе го донесам на светот, на еден нерадосен живот... Своето дете... неговиот живот да го осакатам.

– Немаш право, реков многу прибрано. – Моите никогаш нема да ми дадат помалку од тоа што можат. Така секогаш правеле. Но, јас мислам дека тоа, таа страна, воопшто не би требало да биде битна во нашите односи.

– Јас и не велам дека е така, дека таа е битна, – имаше како и секогаш готов одговор, – но, душо, ти знаеш дека без тоа, без материјалното, не може да се живее, дека тоа е составен, неопходен дел.

Со забрзани чекори си отидов дома, свесно завршувајќи го на тоа овој така горчлив за мене разговор... на што можеби ме натера едвај формираниот инстинкт на една мајка.

Мајка ми и татко ми во тие неколку денови како да претчувствуваа што се случува со мене, разговараа со мене повеќепати, обидувајќи се уште еднаш да ми ја откријат мојата заблуда во однос на мојот избор на другар во животот.

Како можев, мајко и татко, вам, на моите родители, да ви ја кажам вистинската причина поради која сега морам да ја одржувам таа врска и можеби, за жал, низ целиот живот?

Сепак, скоро дојде ден кога се му реков, нему, се што премолчев во последниот разговор, или уште пред тоа, ден можеби најтежок од сите што поминаа.

Бевме почнале еден убав разговор во градината на неговата куќа за нашите планови во натамошниот, идниот живот. Дури споменувавме и конкретни работи во врска со него.

– Бидејќи сето тоа ќе биде скоро, – рече тој со некој мек глас, – крајно време е тоа прашање да го поставиш пред своите родители, односно да го поставиме. Мојот став и ставот на мајка ми е познат и јасен. Таа нема ништо против.

– И моите нема да имаат, – реков решително, – ако јас тоа им го соопштам како моја одлука...

Бев свесна дека не зборувам убедливо.

– Не се работи за тоа, – рече малку поостро, – тие ќе мораат да се согласат.

Сфатив дека „ќе мораат“ не се однесува на моите зборови за тоа дека тие ќе го прифатат моето решение, ами на онаа другата ситуација, со која се ставени пред свршен чин.

Премолчев.

– Станува збор за друго нешто, – продолжи тој, како да ја завршува мојата мисла, – крајно време е да знам на што сум, ќе

биде ли твојот татко малку повеликодушен? – никогаш не бев чула толку зајадлив, злобен тон во неговиот глас.

Тоа беше премногу. Одеднаш сфатив дека беше навлегол многу, многу далеку, дека сето тоа што ми се собирало повеќе од година, пребликна... И тогаш, без да станам свесна од каде кај мене таква решителност, сили, полека, јасно, одредено му реков се што мислам за него, за неговиот карактер, за неговите сфаќања, за неговиот однос кон мене, се за нашите односи.

Чувствував извонредно олеснување поради сето тоа што го отфрлив од себе, целиот тој грозен товар што сум го влечела во тие долги месеци, готова да ги поднесам последиците од ова конечно раскинување.

Откако влегов во нашата куќа, пред да заклучам, и пред да успеам да ги собујам чевлите, слушнав како со тресок брзо се отвора надворешната врата и тој влезе целиот зазбивтан, бесен, со разрогачени очи. Помина покрај мене право во собата, како неговата посета да не се однесува на мене. Кога го видоа неговиот бес и циничен израз на лицето, мајка ми и татко ми срипаа.

По неколку моменти молчење, заземајќи импозантна поза и зафрлајќи ја главата наназад, слушнав како вели:

– Дојдов, вам, да ви изјавам, – се обрна кон татко ми, – дека досега вие не ја одобрувавте врската на вашата ќерка со мене, и евентуалниот брак меѓу нас двајцата, а сега јас тоа не го сакам (ова „јас“ остро го подвлече). Таа е бремена, јас не откажувам, тоа е мое дете.

Го гледав со вџашени очи, не верувајќи дека тоа е возможно, дека навистина е речено сето тоа што го слушнав. Грозно, грозно! Злосторнички...

„Тој не сака, сега тој не сака, тој ме остава. Во оваа состојба“ – ми бучеше во ушите со безброј тонови и гласови... се што беше речено и како беше речено.

Барав... да... го барав оној голем пепелник и со грчовито движење на раката тргнав да го дофатам, но татко ми молневито, повеќе со некаква интуиција, го сфати моето потргнување, и пепелникот стоеше цврсто стегнат, како вклештен во неговите раце.

Тогаш, со фантастичен студен, со оној негов спокоен бес, рече:

– Многу ви благодарам на известувањето. Единствено што сакам да ви речам е тоа дека јас мојата ќерка нема да ви ја дадам вам, да живее покрај вас, и кога би ми родила и пет деца како девојка!

„Прекрасно, татко, ти, единствено ти можеше во овој судбоносен час такво нешто да кажеш! Татко, како би те прегрнала во овој момент, бакнала. Единствено ти можеше"...

– Добро. Така нека биде, – рече повторно со неговиот циничен глас и, исто така бесно како што влезе, ја напушти нашата куќа.

Само двапати неспретно се заврте за да види дали татко ми цврсто го држи во рацете пепелникот.

Откако се затвори со тресок вратата, на сите ни олесна. Како да расчистивме некоја сосем заплеткана работа и сега сме спокојни. Единствено што можев да направам, тоа беше да влезам во својата соба, избегнувајќи го погледот на мојот татко и мојата мајка.

Оттогаш беа изминале речиси две недели. Отидов на факултет да ги повлечам документите, да се отпишам. Моите ме убедија да отидам во главниот град на државата да ги продолжам студиите. Што подалеку одовде, подалеку од овие горчливи спомени...

Стоев во редот на студентите, пред шалтерот, доста долго. Редот беше голем, тие денови се пријавуваа испити.

Повеќе го предосетив отколку што го видов. Тој беше застанал близу мене. Се обидов да се апстрахирам од неговото присуство.

Му реков гласно на службеникот, дури со некаков пркос, дека се отпишувам и преминувам на студии... реков каде, на кој факултет, дури во кој град...Наведена до шалтерот, поземајќи ги документите, одеднаш слушнав како некој се струполи, тука до мене, се онесвести. Беше тој.

Студентите се стрчаа од сите страни.

Во мене се бореа илјада противречности, ме распнуваа се до решението: дали да останам горда, рамнодушна по сето тоа што тој безочно, жестоко го направи во мојот живот, или да постапам поинаку, што да сторам...

Кој и каде ќе ги најде корените и оправдувањата за мојата одлука да ја разгрнам таа маса студенти и, плескајќи го лесно по лицето, страшно бледо, да го викнам по име, да чекам уплашена над него да се освести.

Очите, неговите очи – кога прогледаа ми се стори дека кријат во себе големо каење... и дури некаде во длабочината нешто повеќе, поубаво.

Можеби тоа беше само плод на мојата фантазија поради жалната атмосфера на тој настан.

– Не можев да издржам, – рече станувајќи со шепотење, – уште повеќе кога слушнав дека навистина си одиш... јас не можам да живеам без тебе... Мама постојано плаче откако се случи ова меѓу нас...

Бев толку млада, јас, се уште со романтични претставиi за животот, за луѓето, за да можам да ги одделам зборовите од вистината што се крие некаде длабоко во човекот.

Не беше ли тоа последен чекор во борбата, неговата борба, за да не биде тој оној што ја губи играта...

Одевме полека по улицата, јас со документите во рацете, тој целиот, не знам зошто некако така беден, изгубен, што ми предизвикуваше сожалување.

– Не знам ни самиот зошто така постапував со тебе, те измачував, – рече со плачлив глас. Тоа е затоа што премногу те сакам и се плашам да не те загубам.

Имаше парадокс во тие негови зборови, нелогичност, но моментот беше таков што навистина немав ниту желба ниту можност тоа да му го кажам.

Наклонета секогаш кон замаглување на вистината и придавање значење само на тоа што ќе го задржи нормалниот тек на движењето, и овој пат го одделував тоа: „те сакам“. Тоа сега ми беше толку потребно, неопходно да ми ги залечи раните, направени со оние негови поранешни постапки.

– Морам да отпатувам, – реков со тивок глас. – Татко ми ќе ме придружува. Се е приготвено...

Тој, како да помина преку тоа што го реков, продолжи:

– Можеби и затоа станав пакосен, зашто не ме сакаа твоите.

„Ти си виновен за тоа, никогаш не се нереални, неправични“ – сакав да му речам, но молчев. И пак повторно се сеќавав како ме навредуваше, понижуваше во сето ова време. Колку многу исплакав. Дури бев близу до комплексот на помала вредност, поради неговото систематско понижување и исмејување... А тогаш... оној ужасен ден кога за последен пат дојде кај нас...

– Не, јас морам да одам, – реков пак дури премногу остро, повеќе како заплашување на самата себе, подвикнувајќи и на онаа другата во мене, слабата, сентименталната...

Кога потоа го погледнав, ми се стори дека во очите имаше израз на чувство на загубена игра, но не и предадена.

– Мораш, разбирам, – рече. – Јас овде ќе живеам некако... сам, не е важно што ќе стане со мене...

Тогаш молчеше... па со некаков глас на болен, со плачен глас, речиси задавено, едвај изусти:

– Ти... чувај го детето... наше, грижи се за него, јас навистина не знам што ќе се случи со мене...

Чувствував дека едвај ги задржувам солзите во очите, и тоа само за малку, зашто веднаш го сетив нивното лизгање по моето лице.

Темнината постепено надоаѓаше. Се наоколу беше згаснато. Тажно.

Чекорејќи речиси механички, влеговме во едно кафеанче, каде што порано често навраќавме.

Пиев некаков зелен, одвратно густ ликер. Тој ракија. Повеќе отколку што беше вообичаено за него. Можеби намерно... Потоа на глас плачеше... Поради мене... поради детето...

Ми стануваше мачно од сето тоа, ужасно ме притискаше, барав некаква можност за излез, бегство. Не наоѓав...

За да не бидеме и натаму предмет на внимание за другите посетители на кафеаната, го повлеков да излеземе.

Пак на улица. Во темнината која волшебно, дури подмолно се свлечкува во себе, прикрива, покрива.

И го мразев, и не можев да го поднесувам, уште повеќе со тоа поголемо количество алкохол во него. Го влечев, што побрзо, кон неговата куќа, како избезумена, како неспособна веќе да го издржам тоа распнување на се што ме одделуваше од него, отфрлаше, прогонуваше, и пак оневозможуваше да го напуштам, можеби најмногу поради тоа зачнатото во мене, што пак на некој начин е нешто во врска со него... Тогаш, што побрзо, што подлабоко во тој грозен порој, макар и валкан, со

сите опасности од камења и отпадоци што грозно ги влечка, тркала, како единствено можен пат... неизбежен...

Кога влеговме во нивната куќа, мајка му спиеше.

Во мојата куќа веќе не си отидов. Нека моите родители ми простат, ме разберат, дека единствено така можев...

Кога тргнав на регистрација, навратив кај моите. Сама. Не за да ги викнам мајка ми и татко ми... Ова сега веќе беше нешто во што тие не можеа да учествуваат... Само мое, а пак слично на некој вид самоубиство, како што би рекол мојот татко, а тие не би се согласиле да бидат соучесници на тоа, ниту би можеле да бидат... Ниту пак јас можев да си дозволам да ги присилам на тоа.

Татко ми беше отиден на работа, што ми ја олесни таа средба – единствено со мајка ми.

Мама ме гушна, ме испрати до излезната врата со тажно лице, беспомошно, со солзи во очите. Тоа сето, со тие солзи во нејзините очи и она што го носев во душата, најмалку личеше на некакво радосно венчавање... Сепак, се надевав, иако едвај уверливо, дека овој наш заеднички чекор ќе го успокои него, ќе му помогне да ги среди пред се неговите внатрешни проблеми. И уште една надеж во однос на детето, кое можеби ќе придонесе за поголемо зближување меѓу нас...

Наскоро дипломира. И двајцата бевме задоволни. Верував дека тоа ќе биде голема пресвртница во неговиот живот. Ќе се ангажира со сериозни обврски. Неговата професија е исполнета со голема одговорност.

Ни се роди син. Тоа беше некаков свет вон формални обврски.

Седевме сами покрај радиото. Се слушаше тивка музика.

Синот спиеше. Се ми изгледаше некако смирено, спокојно.

Неговата мајка беше отсутна, како повеќепати во последните два месеца. Одеше кај еден постар човек, со кого сакаше да се омажи, зашто повеќе години беше разведена од својот маж, од неговиот татко.

Станот во кој живеевме заедно со неа беше мал, иако двособен. Во тој нејзин избор за брак постоеше опасност да останеме без стан. Ако таа го доведе тој човек со неа да живее, како што беше нешто споменала во таа смисла. Во тој случај ние би биле принудени да преминеме во станот кај една моја тетка, чии станари градеа свој стан и ги ослободуваа сите простории. Тетка ми многу ме сакаше, а бидејќи беше осамена, повеќе години откако умре тетин ми, навистина ќе биде среќна да сум покрај неа.

Можеби мајка ми и татко ми би се согласиле да преминеме кај нив, но знаев дека ќе биде над нивните можности да бараат и да најдат заеднички јазик со мојот маж. За него и да не зборуваме.

Се тргнав кога го слушнав толку добро познатото студенило во неговиот глас, што непобитно ја одразуваше содржината на тоа што го зборува:

– Сите се чудат како сум се оженил со тебе. Можеби навистина требаше повеќе да размислувам... А и што можев...

Студенилото што избиваше од неговите зборови ме пронижуваше целата. Не наоѓав можности во себе што и да е да изустам. Па тоа е тој, оној истиот... ни малку изменет...

Молчев. Ако не бев во состојба да го спречам тоа што веќе го рече, барем да не предизвикувам да рече нешто повеќе, погорчливо, подлабоко, попресметано...

Но неговата намера не попушташе:

– Како што гледаш ништо не заврши, а и нема да завршиш, ќе бидеш најобична домаќинка, перачка, а можев да земам жена рамна на себе...

Зошто и натаму молчев... Навистина не наоѓав смисла да влегувам во спор со така евтини, пресметани зборови, мисли.

– Барем со мојата женидба да остварев некаква материјална благосостојба. Дури ни тоа... твојот татко е голем скржавец, не ти даде ни колку еден сиромашен родител... Ти го велев јас тоа и порано... моја драга... Но, кој може тебе нешто да ти докаже. Секогаш си сметала дека си најумна, – не се откажуваше тој.

Во полутемнината на столната ламба плачев само за себе. Не сакав тој да го знае тоа. Зборови не реков, зашто знаев дека тој ќе најде уште пожестоки, безобѕирни, особено сега, во оваа, во извесна смисла моја безизлезна положба. А тој сега, во тоа веруваше – „голем човек“ – лекар.

Тоа мое молчење го предизвикуваше повеќе отколку да кажев што и да е. Беснееше...

– Молчиш. Тоа единствено ти останува. Што би можела да кажеш за работи кои се неоспорни вистини. Па уште и... се запиша на факултет, дојде до индекс; секако, добри желби. – Се смееше иронично.

Сакав да му викнам дека тој е виновен за тоа што не напредував многу со факултетот, јас, на која никогаш не и било проблем да научи, совлада и најтешка материја. Не учев поради целата негова тортура што повеќе од две години ја врши над мене, и уште тоа дете кое ме врза за куќата, и таа негова мајка, која стана вистинска гостинка откако јас дојдов во нивната куќа. Дури ме сметаше должна се да работам, и за неа... Колку сакав сето тоа да го кажам... и како, и зошто, наместо сето тоа што ми викаше во душата – молчев! Тоа беше неговата долга школа, и моето совршено вклопување во неа. Дури, по малку, како да се плашев од него.

Се плашев и од неговите разбеснети чекори по скалите, кога одѕвонуваа по бетонот, и неговото силно трескање со вратите, кога таков влегуваше во куќата и веднаш бараше некаква причина за да се кара. И ако не најдеше ништо друго, ќе повлечеше со прстот по политирот на мебелот, со надеж дека ќе

најде на него траги од прав, за да може потоа тој прст да ми го тутне под носот, или книга што не беше на своето место, да ја фрли низ прозорецот.

Кај кого да одам да му се поплачам, да се исплачам? Мојот син беше многу малечок за да ме заштити... кај мојата тажна мајка... Зар затоа за да ја оставам да страда, дури и во оние моменти кога јас ќе наоѓам некакви решенија во целиот тој вител, кога во максимален компромис ќе ги покривам овие горчливи часови... Или... кај мојот татко, кој единствено би бил среќен кога неговото мало девојче би нашло доволно сили, решителност, да прекине со сето тоа лажно, малограѓанско што го врзува, што го тера да остане во овој ваков живот, што само си го одбра... Татко, знам дека само така би била достојна на тебе. Знам, твојата малечка ќерка те разочара. Можеби, татко, ќе ми простиш кога ќе сфатиш дека го правам за своето дете само тоа големо, што ти секогаш си го правел за мене, уште повеќе и најмногу во оној ужасен ден, за да ме заштитиш, кога... се сеќаваш, дојде, твојот сегашен зет, се сеќаваш на онаа негова цинична посета, а ти победнички ги изговори оние прекрасни силни зборови, победнички пред се над самиот себе, над тоа наследено... граѓанско... да, татко, ти тогаш беше повеќе од се татко, мој татко... мој голем татко!

Пливањето во овој матен вител, како пат, тешко ми паѓа, но ќе настојувам ни во еден момент да не се опуштам, зашто многу добро знам – ќе се удавам.

Одамна преминавме да живееме кај мојата тетка. Неговата мајка се омажи, го продаде станот и отиде да живее со мажот во еден помал град, земајќи под кирија посебна мала приземна куќа со голема бавча. Врските со неа, иако ретки, ги одржувавме. Понекогаш ќе допатуваше кај нас, колку да ги види децата, или да ги земе кај себе на гости, на неколку дена.

Нашите односи во ништо не се беа измениле. Дури и пред мојата тетка не му пречеше да ме навредува, да ми префрлува, а уште повеќе кога таа ќе отидеше на спиење.

Ако не најдеше некој конкретен повод, се враќаше далеку во минатото, ровеше по него... и тоа обично ноќе, кога и децата спиеја, а тој не беше дежурен во болницата.

Таа ноќ правеше се, како да имаше намера да постигне врв во тоа наше веќе доста долго глодање.

Моето воспитување, воспитувањето што ми го беа дале родителите повторно се наоѓаше на дневен ред. Тоа во неговата интерпретација беше буржоаско и без’рбетничко, најмногу затоа што наводно ме терале да живеам во некакви измислени светови, а не ме научиле што е вистински живот.

„Вистински живот“... – О, не! Најмногу ова што ти го градиш овде во нашиот затворен круг... најмалку тоа... тоа што ти си го научил во својата куќа, за жал, пред разводот на твоите родители, можеби и после, потоа... „Вистински живот“... не тоа што бегајќи го понесов од домовите на некои мои училишни другарки како горчливо сеќавање.

Вистинскиот, убав живот, исполнет со прекрасни тонови и бои, со радост, љубов, нежност, човечност, всушност тебе ти е непознат, недостапен, дури можеби и не по твоја вина, за жал – сосем непознат. Тој чудесен свет ти го одзеле уште во детството и ти оневозможиле засекогаш да го сознаеш... Грозно те казниле, можеби и сами несвесни дека тоа го чинат!...

Потоа, во таа иста вечер го споменуваше моето минато. Тоа беше голем збор за тебе... со навредлива смисла. Сакаше да го изобличиш, да го извалкаш... Зар моето минато... минатото на девојче... Колку си смешен... зарем не гледаш, тоа се патеки посипани со кристали... ѕвезди... Што е нечисто во него, зарем лицето кога по него се тркалаа солзи на девојче и неговата голема љубов?

И пак сакаше да одиш се понатаму и понатаму, да сквернавиш, пак го споменуваше „тоа“ како да не било првпат, и не со тебе... дека пред тебе... пред тебе... Зар тоа тој, моето момче со цветови на макови во усните? Толку смешно... Невозможно... Па ние... единствено тоа... синилото и усните и рацете... очите...

Не смееше тоа да го засегаш... навредуваш... Зошто влегуваш таму, најмалку таму е твоето место. Уште повеќе затоа што ти дојде после и го замати сето тоа... Го извалка. Се... и „тоа“, и се ќе беше многу поубаво ако ги немаше таквите луѓе како тебе...

Слушав како велам:

– Треба да се срамиш што воопшто чепкаш по такви работи. Ти многу добро знаеш за се како било!

– Не знам, никогаш нема да знам... А всушност... знам, – и се насмеа иронично.

Тогаш реков остри зборови во револт, бранејќи го она чисто чедно девојче, што бев пред неговите допири... бранејќи го синилото и аловите макови.

Со дрски зборови, губејќи секаква контрола над самиот себе, ме навредуваше...и се повеќе ме предизвикуваше да му ја зборувам вистината, да му кажам што направи од мене, од мојот живот, да му барам да ми врати. Тој ме ограби... излажа... Каде е љубовта?... Нежноста... Каде си, љубов?...

Сето тоа го викав во фанатична решеност, барав од него да биде тоа што никогаш не бил, и што не би можел да биде... не може...

Во ужасен бес тргна кон мене да ме удри... но веднаш се тргна и, со остро движење отворајќи ја надворешната врата, излезе.

Во некаква неподвижност на телото и духот ми станувашe непобитно јасно дека навистина се работи за големи простори што не разделуваат, ги раскинуваат нашите светови, мојот и неговиот, како две ужасно различни суштини... а ете, сепак, за жал, по некаков чуден, речиси невозможен начин на ова хаотично, можеби дури и закономерно движење во животот, составени.

Сакав веднаш да си одам кај моите...Тие би ме прифатиле. Зар кај нив, сега во ова време од ноќта... не... нема да одам... Татко

и мајко, овој пат јас ќе бидам вашата ќерка, која не ќе дозволи да ви се нанесе уште поголема болка.

Ќе барам и можеби ќе најдам некои патишта за мене и моите деца во овој живот. Моето доаѓање сега, вакво, кај вас, за вас би било премногу...

Ги слушнав неговите чекори. Знаев дека брзо ќе се врати. Ќе си дојде. Како што знаев дека јас непобитно, фатално ќе останам и никаде нема да отидам.

Ќе погледнам на синот и на ќерката, дали спијат со мирен спокоен сон, и ќе легнам во нашата заедничка соба.

Единствено што ќе помогне да се задржи овој наш заеднички живот, тоа е моето наполно повлекување во самата себе, во мојот свет, и неговото се почесто бегство во болницата, воопшто, вон куќата... Можеби единствено тоа и беше можност за да се остане заедно...

...Боже, се раздени! Целата сум се вкочанила во полуфотељата. Тоа беше една од моите бели ноќи, кога се враќав и роварев како некој старинар по книгите, по се што било и како било. Тој не беше дошол. Можеби е дежурен во болницата. Дури и не најде за потребно да ми јави дека ќе ја помине ноќта вон куќата. Кога станав, забележав дека и тетка ми беше преспала во фотељата... по нејзиниот стар обичај кога тој не ќе дојдеше.

* * *

Зошто се уплашив од погледот на зелените очи, на балконот од новата зграда, наблизу, преку улицата, која се населуваше со станари во овие неколку денови? Би побегнала ако во нив, во тие очи, немаше нешто одамна заборавено, чедно... чисто синило.

Тогаш забележав дека црвенеам, иако знаев дека никој освен мене и него не можеше да ја забележи оваа средба на очите. Се обидував да не ги гледам тие очи... дури и се лутев на себе

зошто своите не ги скривам со клепките... Не, неговите очи не сакаа да се одделат од моите.

Сепак, најдов сили да побегнам. Набрзо осознав од самата себе дека тоа бегство е краткротрајно, зашто не можев да издржам и брзо да не излезам, создавајќи си сосем површна заблуда дека излегувам заради тоа што треба, на пример, да ги полеам цвеќињата со вода во цреповите... или да го изметам балконот... или...

Самозалажување, навистина неуверливо. Него го барав... тоа така светло синило.

Многу подоцна, во вториот, можеби трети   от ден забележав дека е крупен висок човек, дека косата му е црна со совршено складни кадри, паднати на едната страна, речиси до црните широки веѓи.

Наскоро почнав да живеам само со тоа негово постоење, тука, речиси веднаш на дофат на раката, сосем непознат, а одеднаш... близок... Но јас многу добро, јас, го познавав тој синкав сјај во очите, тоа светкање и недостижно милување на очите... очите што се бараат и наоѓаат за да се засакаат... кои сигурно ќе се засакаат.

Не можев да се препознаам себеси. Се во мене... Првин открив дека сум изненадена како сум можела до таква мера да го запоставам целиот свој изглед, бојата на косата. Фустаните... зар тие беа важни за сето ова време откако бев вовлечена во тоа мачно чекорење? Речиси и ги немав.

Одев живо по куќата. Ништо не ми беше тешко. Ме возбудуваше сознанието дека секој момент кога ќе посакам, само кога ќе поса   кам и ќе пречекорам до балконот, или само до прозорецот, ќе го видам... Него... тој ќе ме види мене. Веднаш, уште пред сосем да се покажам, ќе знае дека сум тука...И во истиот момент лицето ќе му се разлее во прекрасна тивка насмевка, само за мене... Мене. Во очите ќе му надојде некаков волшебен сјај... поради мене.

Не знаев каков е изразот на моето лице кога гледав во него, но чувствував совршен трепет кој, бев убедена, никогаш не бил попријатен.

Чувството, сознанието дека некој ме забележал, ме одделил од другите, некои очи, дека тоа го прави среќен, и дека е во состојба со часови и часови да остане на балконот, само за да ме види во еден момент, ми даваше крилја... Тоа беше некакво мое враќање во живот.

Имав чувство дека повторно ми се враќа со знаењето за сопствената вредност, сопствените квалитети... секако, поради некое нивно индиректно одразување во него.

Поради тоа што тој ме издвои, ме присвои како некаква посебна вредност за него. Следните денови навистина беше голема уметност пред мојот онаков маж да се задржи вообичаениот израз на лицето, да не се издаде. Ми се чинеше дека радост, и покрај моите севозможни напори, среќа, избива од секое делче на моето битие. Беше спасоносна околноста што мојот маж речиси деноноќно беше отсутен од куќата, а и она малку време кога ќе останеше во неа не ми го посветуваше мене.

Открив дека станувам пасивна кон се што тој, мојот сопруг, може да ми каже мене, да ме навреди... исмее, потцени.

Зар тоа можеше сега да биде важно, кога во мојот живот полека, но сигурно продираше топлина, која навистина ми доаѓаше се уште од далеку, но толку блиска, толку моја.

Најубави беа нашите „состаноци“ во ноќите кога мојот маж беше дежурен во болницата.

Месечината ќе шеташе по нејзината стара навика меѓу тополите, облевајќи ја во сјај прво едната, па втората, а тие копнежливо треперea со гранчињата.

Тој, непознатиот, ќе ги изгаснеше светлата во станот и стоеше на балконот во блесокот на месечината, висок, убав, како извајан во соништата... недостижен... Со лицето свртен кон

мене, со чудесен сјај во очите. Тој... чувствував, мене ми припаѓаше. Го насетував тоа во молчењето негово, во неподвижноста поради моето присуство. Како да се плашеше да не наруши нешто во тој таков фантастичен невистинит свет од соништата.

Таа ноќ, тој сјај... месечината меѓу црните високи тополи и тој и јас, единствено ние во тоа немо молчење, а бескрајно речито, бескрајно убаво.

Тоа траеше часови и часови... до конечно исцрпување...

Тогаш ќе влезев во куќата, со дефинитивно решение веќе да не излегувамам, да легнам, да заспијам... сепак ќе излезам само толку... да видам да не е тој се уште таму. И кога навистина ќе беше, со израз на лицето само нам и единствено нам разбирлив, ќе му речев, ќе го молев да оди да спие.

Потоа долго во темнината на собата, ќе го чував изразот на неговото лице, очите. Усните... неговата стасита, мене веќе така блиска појава.

Тоа веќе доста долго траеше.

Понекогаш ќе се уплашев од можеби случајниот испитувачки поглед на мојот маж врз моето лице, или тој така ќе ми се стореше, што веднаш ќе се обидев да се зафатам со некаква работа, да го избегнам. Штом тој ќе излезеше од куќата, ќе се почувствував како ослободена птица и брзо ќе летнев да го барам неговиот поглед, тоа што со него долго и долго ми прикажуваше, што на некаков начин навистина ми стануваше неопходен, составен дел од мојот живот. Во тие моменти чувствував дека повторно живеам, и дека мојот живот до вчера бил самоумртвување.

Пак сите спиеја. Пак мојот сопруг беше дежурен цела ноќ во болницата. Тетка ми одамна спиеше. Ноќта беше толку тивка што навистина сите беа задоволни, и месечината и ѕвездите... и штурците и цвеќињата во полето...

Во таа вечер чувствував нешто посебно во нашите средби со очите... Некаква невидлива сила не влечеше незапирливо еден кон друг. Мускулите на лицето ми потреперуваа... целата јас... знаев, и нему, и целиот тој.

Дури не мислев на тоа што понекогаш ме загрижуваше – ова наше гледање да не стане забележливо за другите соседи. Како земјата и оваа прекрасна ноќ да постоеше само заради нас двајцата, заради убавината што доаѓа од срце в срце непосредно... по некои невидливи нишки, неразбирливи и за нас самите.

Тогаш тргна решително, забрзано назад во станот и, веднаш знаев – по скалите надолу, на улицата, кон мојата куќа, кон мене...

Бев убедена дека не можеше поинаку. Не можев ни јас. Дури мислев дека рацете ми беа подадени кон него во пресрет, и усните... и целата јас.

Треперев ужасно... незадржливо... како сето ова што се случуваше во овој речиси измислен свет, неизбежно како судбина...

Вратата ја бев отклучила и ги слушнав неговите решителни чекори, неодложни... како ударите на моето срце... Дури и не се сеќавам кој ја отвори вратата, јас или тој. Се сеќавам на секоја подробност... убавината на решителните снажни, љубени раце, кон мене за прегратка, најубава до невистинитост, нежна и топла, долго и долго и премногу сакана. Бев избезумена од невозможноста, од невистинитоста, од исключителноста на тој момент.

Не стоев на своите нозе. Тој ме понесе... ме понесе топлината, прекрасниот трепет на бакнежот. Бев заборавила дека тој допир на усните, сакаexisting усни може да биде недостижно убав.

Личевме на некои избезумени од љубов привидувања, загубени во нежно, едвај вистинито милување.

Не знам како најде сили да ми каже:

– Веќе не можев поинаку... – шепотеше, а јас и не слушајќи ја содржината на зборовите уживав во тонот, во бојата на неговиот глас, како некој одамна познат и така, многу драг, свој. Што ли ќе ми донесе во мојот живот натаму?

Што беше тоа што ме натера толку брзо да му поверувам на тој човек, да го почувствувам така близок? Па јас речиси и не го знаев! Очите. Изразот во нив. Изразот на лицето. Интересот за мене, мојот за него. Некоја невидена интуиција. Некои несознаени и за самата мене, а веројатно и за него, некои невидливи струења од едниот до другиот на сродност... истоветност.

Овој до недостижност чеден прв допир не ме оттурна, ами ме присвои фатално, засекогаш.

Го кажа своето име и презиме, и што работи и каде да го најдам, и си отиде... Имав чувство дека исчезна.

И би плачела и би се смеела од радост, од безумство, од среќа, од убавина.

Повторно како да се враќав во живот. Дури можеби не поради можноста да се состанувам со него. Моето сознание дека тој постои, дека ме сака, дека го сакам, победуваше се друго и беше доволно само на себе.

Чекорите негови, кога си отиде, не ги слушнав. Не го видов кога помина пред куќата. Легнав во темнината со неговата прегратка на моето тело, со топлината на бакнежот на нашите усни. Тој постои, тој е вистински, тој баран во соништата!

Се чудев како ни во еден момент не чувствував грижа на совеста. Како навистина да се беше случило нешто што е сосем природно, што не можело поинаку да биде, не можев поинаку да постапам.

Во таа вечер сакав да ја разбудам тетка ми, да најдам некого кому ќе му раскажам како е тоа... колку е многу... се. Ми се чинеше дека ќе почнам гласно да си зборувам самата на себе, или барем на темнината... таа и без тоа беше единствен сведок на овој наш сјај во очите.

При повторната средба ми раскажа дека работи како инженер, и токму во тоа време на еден проект на хидроцентрала. Со каков занес, љубов, ми зборуваше за својата работа! Од секој негов збор зрачеше нешто човечко, топло, нешто богато, од кое ти доаѓаше желба да бидеш подобар од тоа што си бил кога било. Имаше во него нешто славјанско, широко, распеано. Тоа сето, и уште многу што го откривавме еден во друг при секоја нова средба, ми го правеше животот сосем поинаков, нешто друго од тоа што дотогаш беше, исполнет, осмислен.

Потоа почна нашата нерамноправна борба со се што претставуваше студениот реален свет и неговиот јавен морал. Единствен начин да ги избегнеме неговите остри заби беше криењето.

Тоа најмалку ми тежеше. Бев постојано во некаква напната состојба, но не се плашев од ништо.

Нашето сврзување не опфаќаше се повеќе, стануваше животно. Беше љубов. Не бевме ни свесни дека световите на нашите животи се поцелосно се спојуваат. Односно, тоа не беше спојување, ами една совршена истоветност.

Еднаш, кога се состанавме, тој ме распрашуваше за моите студии и ме искара за мојата малодушност, за тоа дека сум престанала да полагам испити, дека сум се откажала од намерата да го завршам факултетот. По тој разговор бев вознемирена, а истовремено израдувана – тој верува во мене, во моите способности, можности! И уште повеќе од тоа – тој наскоро побара од мене да учам, ми поставува рокови за полагање, задачи! Ќе можам ли да го сторам тоа, сега, по толку години?...

Колку ли беше вчудовиден мојот маж кога забележа дека секојдневно, систематски учам, и уште повеќе дека одам на факултет на часови. Со што ли се бев оптоварена во душата кога тргнав да го полагам првиот испит. Ќе успеам ли – заради него, мојот сакан, заради себе, а и за да му докажам на тој што живееше крај мене толку години, упорно, цинично сузбивајќи ја мојата личност?

Првиот успех толку ме ослободи, ме повлече напред, што веќе не чувствував никакви тешкотии натаму во врска со учењето. Како би можел тој, мојот маж, да си претпостави дека јас сето тоа во врска со факултетот го правам поради мојот сакан? Бев успеала маж ми сосем да го игнорирам, и неговото постоење во мојот живот, тука веднаш крај мене, да го чувствувам како некакво механичко неизбежно присуство, со закон определено.

Во еден разговор со саканиот за театарот, за операта, открив со горчина, открив за самата себе дека сосем сум го загубила тој свет, што некогаш беше мој начин на живеење. Исто така одамна не ги бев следела новите книги, толку многу бев потоната во тој тесен, премногу тесен свет, што тој, мојот сопруг, го изгради за мене.

Мојот мил долго, кога бевме заедно, ми раскажуваше за драмите што ги беше гледал, за оперите што ги слушал и овде, во нашиот град, и во други поголеми градови каде одеше службено. Ми пренесуваше содржини на прекрасни филмови за човечност, благородни амбиции, за возвишени човечки карактери и чувства, за радости и таги, што јас некогаш толку многу ги сакав. И со секоја нова средба израстуваше како човек во моите очи, во моето срце и се спојуваше со ликот на човекот кого го бев создала во душата.

Тоа не беше само негово еднострано изнесување на своите впечатоци, забелешки, а мое пасивно слушање на недорасната. Ме вовлекуваше неосетно во заемно толкување на сите тие факти за кои зборувавме. Тој бараше потврда, проверување на своите сфаќања, и јас на моите. Често се воодушевуваше од моето резонирање... возбудено ќе ме привлечеше кон себе, и јас

знаев дека тоа сме ние заедно, едно... истовремено јас таа права, вистинска.

Се гордеев со него и кога ќе ми раскажуваше за луѓето на работа, за себе, за своето место во тој вриеж, во таа активност, создавање! Мечтаев, не, копнеев за едно такво, мое место, што ќе биде вон овие четири ѕида, и за кое веќе се борев полагајќи испити на факултетот.

Бев покрената од мртвилото. Целата во напрегнатост.

Сепак, со секој нов ден ми стануваше се повеќе и повеќе јасно дека во изборот за брак навистина бев направила фатална грешка во мојот живот и се осудила самата себе на едно имитирање на животот, а не право, вистинско живеење. Можеби поради тоа, средбата со овој мој сакан човек и ваквото сврзување со него беше резултат на моето горчливо сознание за невозможноста да се менува се; за тоа дека повремено само ќе се издигнувам над тој порој, на кој сум му се препуштила, но никогаш сосем нема да се ослободам од него.

Колку нашата љубов стануваше посериозна и подлабока, толку повеќе се плашевме за неа, ја чувавме и од најмали опасности.

Гледањето оддалеку ни беше и натаму неопходно, зашто немавме многу поволни услови за средби. Иако знаев дека тоа често го прави од внимателност, ако подолго не излезеше, сепак ми беше тешко. Каде е? Зошто го нема! Се плашев дури и од измислените можности дека сретнал, нашол некоја девојка, млада, слободна, без никакви мачни проблеми, ја засакал... Па тој, сепак, не е женет...Би имал право...

Еднаш ми беше споменал дека има некаква врска од порано, со студентка, но дека тоа е нешто што не е засновано на чувства... љубов... Бидејќи таа девојка никогаш не бев ја видела, ниту пак тој одеше некаде откако ќе се вратеше од работа, речиси и да не бев обрнала внимание на тоа што ми го кажа. Ми припаѓаше мене и дење и ноќе ... Со целото свое битие. Постојано присутен за мене. Јас за него.

Најголемо мајсторство беше да се избегнат љубопитните погледи на сосетките, да се измамат. Но повеќепати не бевме во можност да мислиме на нив.

Најтешки моменти и за него и за мене беа кога мојот сопруг остануваше дома. Едвај скришум ќе се мушнев до балконот или прозорецот да го погледнам, ризикувајќи да бидам забележана од маж ми. Измислував севозможни работи што, ете, божем морам да ги работам таму. Или едноставно ќе го отворев прозорецот, како за да влезе свеж воздух во собата, и ќе застанев тука покрај него. Маж ми секогаш имаше иронична забелешка и го сметаше многу примитивно секое појавување пред соседите во домашен фустан, дури и поскромно облечен. Затоа во тие моменти секој час го очекував неговиот потсмев, што не можеше многу да ме засегне.

Мојот сопруг и јас ретко излегувавме заедно. Можеби тој тоа намерно и го правеше за да ми каже дека не ме смета достатно репрезентативна за него, а можеби поради преголемата ангажираност на работа. Јас и не знам дека имаше некакво друштво, освен кумовите и еден лекар со кој беше студирал заедно.

Сепак, една вечер, речиси како да ми прави посебна чест, ме поведе на роденден на синот на нашите кумови.

Убаво се облеков и толку сакав тој, мојот љубен, да ме види кога ќе излегувам од куќата. Верував дека низ отворениот прозорец во нашата дневна соба веќе беше ја забележал мојата невообичаена забрзаност и ме очекува.

Излеговме. Го пуштив маж ми чекор пред мене, за да можам да ја кренам главата и погледнам во него. Тој стоеше дискретно на прозорецот. Беше тажен. Никогаш порано не го бев видела така тажен.

Немав смелост да се свртам, но бев свесна дека тој ќе го чувствува моето полусвртено лице и ќе знае дека е свртено кон него, единствено нему.

Јас целата. Вечерта поминавме со големо друштво, кое се беше насобрало на роденденот кај кумовите, доста пријатно. Никогаш не сакав да им допуштам на луѓето да се загледуваат во мојот живот. Така, и овој пат се обидов да оставам впечаток на жена средена, сосем задоволна.

Се враќавме дома. Молчеше. Секогаш неговото молчење го сметав за последица на нешто што ми забележува, или измислува за да ми забележи.

Уште оддалеку погледнав на балконот каде што секогаш го наоѓав тој што го сакав, иако знаев дека е премногу доцна и верував дека одамна спие. Ќе му се здодееше да чека толку многу часови, иако би се обидел да го направи тоа.

Кога ја забележав неговата силуета во полутемнината на балконот, сметав дека навистина халуцинирам, токму затоа што кој знае колкупати го гледав на него, да ме чека, да копнее за мене.

Тој навистина беше таму. Му покажав, со само за него видлива и разбирлива мимика на лицето, можеби движење на телото, дека го видов... и знаев, тој поради тоа беше среќен. Бескрајно среќен, како да бевме на состанок... љубовен... па тоа и беше наш најголем состанок.

...Како можев да не излезам на балконот, или да не ѕирнам низ прозорецот, откако се вративме со маж ми, влеговме во куќата и запаливме светлост, кога знаев дека толку долго ме чекал, толку многу само за да ме види како ќе поминам покрај куќата, иако заедно со мојот маж.

Сакав да излезам на балконот, иако е толку доцна што маж ми би можел да рече некаква остра забелешка, или уште нешто повеќе, да се посомнева во мене.

Сепак, откако се облеков набрзина, го зедов костумот на мажот и четката и брзо излегов на балконот за да го исчистам и божем веднаш да го ставам во шкафот.

– Зар е тоа неопходно сега? – го слушнав неговиот нетрпелив глас од собата.

Всушност, тоа веќе не беше ни важно – тој, мојот, единствениот, беше тука и се видовме... И да знае дека, еве, јас не можам да заспијам а да не му кажам дека сум таму... кај него... со него...

Откако ја слушнав, како низ сон, забелешката на маж ми, смислено реков:

– Добро, ако ти пречи тоа ќе го направам утре, мислев веднаш да го сместам во шкафот. Влегов и ја затворив вратата. Мојот маж беше задоволен.

Следеа денови и ноќи, се поубави и се помачни.

Никогаш нема да ја заборавам една страшно напната ризична ноќ. Слична на сите, а сепак можеби не сосем...

Таа ноќ прегазив се што беше установен ред на животот... Сето тоа што беше „морално“, и дури определено со правото напишано во законите.

Бев сама во куќата. Децата ги беше зела баба им кај неа. Тетка ми одамна спиеше. А мажот телефонира дека ќе остане во болницата се до утрото.

Тоа сето му го реков нему, на мојот сакан, му го реков во една кратка средба, во неколку збора пречекувајќи го кога си доаѓаше од работа.

Одамна сијалиците примижуваа низ градот.

Не знам колку долго стојам прикриена од пердето на спалната соба, а тој од другата страна, осамен и привлечен за мене во таа вечер повеќе од секогаш.

Ме викаше со целото свое битие, со се што разбиравме единствено ние двајцата... се ме влечеше кај него... Лебдев во тој простор меѓу него и мене, така малечок, а толку голем...

Би плачела од невозможноста да се воздржам да не отидам кај него, и од сознанието дека тоа не смеам, дека е тоа ужасно голема опасност... А ако се измени нешто и маж ми си дојде дома?

Се ближеше полноќ. Ми вриеше во мозокот...

Одеднаш сфатив... бев победена, тоа другото беше појако од мене. Па јас го сакам... него... има ли поголемо правило за живот, посилна вистина – го сакам... што тоа измислувате вие луѓе?

Чекав само да се изгасне светлоста во сите соседски прозорци. Јас морам да одам таму... Тој ме вика... љубовта ме вика...

Одев пргаво, прво по нашите скали, на улица, брзо трчајќи го изминав просторот од на шата до нивната зграда и како балерина, бестелесна, едвај ги допирав скалите со врвовите на прстите, навистина лебдев, слична на дух... таму кај него.

Ме носеа по куќата толку силните, толку нежните раце на љубениот. Имаше во нив илјада тонови и различни треперења во нивните допири. Тоа беа треперења што ги познава само сакањето. Знаев, за секое делче од моето тело, дека постои само за тоа што ми го рекоа неговите раце со нивното потреперување, неговите усни само со ним можните движења и форми, искажувајќи љубов, и очите бескрајно длабоки, и нежни, и топли... Душата не би можела да бара поголеми посредници од очите за да ги изрази чувствата.

Лицето му се разлеваше во бескрајна благост, очите станувaa синкави... сосем сини, а усните една бесконечна желба...

Тоа не беа вистински допири... тоа љубовта ми дишеше, мене одбраната, преку неговите усни во мојата коса, по лицето, очите, усните...

Тогаш ќе побараше да му ја обвиткам главата со мојата рака и да го земам како дете, онаков голем, да го галам по косата, успивам... и полека да си одам, тој да не слушне, да не види, да го задржи самозалажувањето дека останувам. Па јас и останував тука кај него, со него... негова...

Кога си тргнав кон дома, веќе длабоко во ноќта, дури и не брзајќи, имав чувство на тапа рамнодушност, помиреност со сето тоа што ќе дојде, што би можело да се случи, ако маж ми дошол, ако е дома.

Има такви моменти во животот, толку бескрајно совршени и толку полни, доволни сами на себе, како навистина во нив да е содржана смислата на живеењето, и ти си ги доживеал, што ти станува сеедно што ќе се случи потоа, сосем сеедно, па дури ако тоа биде и некакво конечно исчезнување.

Ја отворив вратата, тивко, за да не ја разбудам тетка ми. Видов дека него, маж ми, го нема. Можеби подобро би било да е тука. Еднаш за секогаш да му кажам дека јас вака не можам... да живеам лажно... Дека ми е доста тоа негово наметнување и мое тормозење. Да му ја покажам вистината и убавината на моите очи кога бесконечно сакаат, што во овој момент навистина не би можела да го скријам. Еднаш да ги погледнеме реално работите, без ова така установено долгогодишно лицемерство.

Го немаше. А сепак можеби е подобро – заради децата... Никогаш нема да бидам достатно силна да го нарушам нивниот безгрижен свет на детството, можеби најмногу поради мојот така убав свет што го носам во душата како – мое детство.

Спиев во некакво бунило, во полусон.

Тетка ми беше намислила да ја издаде едната соба, што имаше и посебен влез, под наем на некој станар, зашто навистина стоеше неупотребена. Дадовме оглас во весник.

Ме уплаши идејата на мојот љубен да дојде да живее во нашиот стан. Во станот на мојата тетка. Тој и таму каде што живееше беше потстанар.

Како да се спротивставам, но и како да се согласам? Едно такво решение повлекуваше голема човечка одговорност и за него и за мене. А како да ја испуштам единствената можност да бидеме секојдневно еден покрај друг... да се радуваме и бескрајно да страдаме.

Сепак, решивме како што моравме...

Еден ден, држејќи исечок од весник, тој заѕвони на нашата врата.

Излегов да отворам. Маж ми седеше во претсобјето и читаше весник.

– Простете, Ве молам, – рече, – ја барам госпожата... – и го изговори името и презимето на мојата тетка, – во врска со огласот за стан.

– Повелете, – реков, плашејќи се и од најмало потреперување во мојот глас и го воведов во собата кај мојата тетка.

Ја затворив вратата и, борејќи се да останам совршено спокојна, влегов во собата кај децата. Тие го влечеа мачето, едниот за уво, другиот за нога. Јас ги скарав.

Ме погледнаа со сериозни очи и веднаш го пуштија, а јас веќе целата се претворив во уво да слушнам кога тој ќе излезе.

Срцето силно ми чукаше кога чув дека тетка ми му го претставува во претсобјето на маж ми и вели:

– Господинот ќе премине кај нас на стан, условите каде што живее не му се поволни за работа, а јас сакам да ја издадам онаа соба што толку време стои празна.

Мојот маж суво го рече своето презиме и едно конвенционално „мило ми е“. Знаев дека тоа ќе биде единствената негова реплика за неколкуте идни месеци или една година што ќе му ја каже на тој „господин“. Му претставуваше посебно задоволство луѓето да ги држи на оддалеченост, секако за да ја истакне својата посебна вредност.

Тоа во овој момент најмалку ме загрижуваше. Значи, од утре почнува еден уште поубав и уште потежок дел од мојот живот. Имав чувство дека личиме на тореадори кои влегуваат во арената свесни за постојната можност да бидат смртно прободени, а сепак не се повлекуваат поради совршените привлечности на играта на животот и смртта.

Животе, зошто уште повеќе ме распнуваш... зар требаше толку немилосрдно да ми ја покажеш така јасно различната сушност на овие два мои живота, до невозможност различни, а ете и двата неопходни и двата постојни?

Знаев дека за мене, и уште повеќе за мојот сакан, сето ова ќе биде само едно големо страдање. Ја сфаќав целата сериозност на улогите што си ги зедовме и очајниот пркос во нив, кон судбината, или само застојаните така тешки форми на животот.

Конвенционално добро утро... или добро утро ми... мили, и се во него, и нежност и топлина – тоа се две можности од денес за нас двајцата во зависност од ситуацијата.

Брзо немо гушнување, полно со ризик и опасност... или долго милување... краткотрајно и бесконечно...

Музика во претсобјето, таа што тој сака да ја слуша, и ќе ја слуша низ полуотворената врата, знаејќи дека јас сум ја одбрала за него... фустан што тој го сака. Цвеќињата во неговата соба... црвени цвеќиња... Нему...

* * *

...Тука, во овој наш стан, набрзо откако тој се досели, за првпат ја видов *неа*. Првпат кога дојде. Го посети доста здржано, сериозно, со сите се поздрави, дури и несмело. Брзо си отиде.

Уште тогаш го прашав – зошто *таа*? Зарем има место за неа тука, меѓу тебе и мене?

– Таа и го нема тоа место, – рече. – Гледај на тоа како на некоја сосем безначајна работа.

Така и направив...

А и мислев: како можев и поради тоа нејзино краткотрајно доаѓање, присуство кај него, кај него, така да му префрлам... Зар јас си дозволив да му префрлам нему, кој толку многу можеше да поднесе... сето тоа што ми тежеше мене, целото мое семејство, кое постојано, упорно, ме одвојуваше од него...

...Колку ли горчливо беше неговото сознание кога лежеше, дури и мораше да заспие, тука веднаш, покрај мене и мажот заедно... И моите деца, како нешто поважно, над се, над него, мојата љубов... А сепак ме сакаше бескрајно... Ни еднаш не се уплаши... Како можев да му ја забранам таа речиси невина посета, која сепак е некаква негова обврска, од порано, колку што можев јас да сфатам.

Но не... не можев да се помирам... тој не е обврзан да биде со неа како јас, мојата обврска... Сепак, зар ангажираноста е нешто само со право установено?...

Повторното нејзино доаѓање, кога таа остана да спие, кога спиевме заедно со неа во иста соба, на мое барање, за да не спие кај него, едвај го преболев. Таа сепак постоеше. Но и тогаш, веднаш откако си замина, не го сакав помалку. Тој беше за мене во истиот оној момент кога ми ги подаде рацете, откако ја испрати на станица, уште еднаш повторно враќање во живот... Како ќе можев инаку без неговите раце, усни, очи, натаму во животот?...

* * *

Седевме во претсобјето. Тој и тетка ми и јас. Не честеше со чоколадни бонбони за добиената награда на еден конкурс за проект на библиотека. Јас ги знаев сите подробности од проектот, и кога почна да работи на него и кога го заврши. Заедно со него со нетрпение го чекав резултатот од конкурсот и бев толку многу среќна што успеа.

Некој засвони. Тетка ми и јас се бевме заприкажале. Тој отиде да отвори.

*Таа* влезе пак онака полека, тивко. Се поздрави љубезно со нас и веднаш се упати кон неговата соба. Тој послушно, сосем збунет, по неа.

Беше вечер. Тетка ми поседе уште малку и си отиде во нејзината соба. Јас каде?...

Мили, можеби не ќе беше се така страшно ако вратата од твојата соба не останеше полуотворена и јас не седнев во тажното претсобје, покрај тоа тажно радио.

Прво, мили, знаеш, бев само среќна што те гледам во него, во стаклото од радиото на кое беа испишани имиња на главните градови. Те гледав во него... знаев, тука си некаде, покрај мене, иако е *таа* со тебе... Јас бев среќна, сепак те гледав! И се до тој момент кога *таа* ти ги подаде рацете нежно, желна за тебе. Прво ти ја помилува по косата, по лицето, па *таа* те привлече кон себе. Ти некое време стоеше неподвижен, како да се бориш сам со себе. Потоа ја бакна, ја погали по косата...

Ве гледав и двајцата, во тоа, за мене ужасно, милување. Ја следев секоја и најмала промена во изразот на твоето лице, движењето на рацете, усните...

Зошто не си отидов оттаму веднаш, мили, зошто не станав... избегав... Да ме снемаше...

Не... не можев, не можев, мили. Останував, свесно, намерно налетував на ножевите што длабоко ми се забодуваа во срцето...

а јас одев и одев на нив се повеќе и повеќе, се подлабоко и подлабоко, до целосно искрвавување...